# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 89 Год. LXIV Петок, 18 јули 2008 Цена на овој број е 250 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1667. | **Закон** за инвалидски организации....... | 2 |
| 1668. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за музеите.......................... | 11 |
| 1669. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик........................................... | 14 |
| 1670. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за библиотеките................. | 14 |
| 1671. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата................... | 16 |
| 1672. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност | 18 |
| 1673. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност..... | 27 |
| 1674. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство………………………….. | 37 |
| 1675. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија………. | 38 |
| 1676. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за земјоделската инспекција…………………………………….. | 40 |
| 1677. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пасиштата……………... | 41 |
| 1678. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за виното………………… | 42 |
| 1679. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вршење земјоделска дејност………………………………… | 43 |
| 1680. | **Закон** за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација…... | 44 |
| 1681. | **Уредба** за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменските дотации за средното образование по општини за 2009 година | 44 |
| 1682. | **Уредба** за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменските дотации за основното образование по општини за 2009 година | 45 |
| 1683. | **Одлука** за давање согласност на Статутот на ЈПАУ „Македонија“ – Скопје | 46 |
| 1684. | **Решение** за именување директор на Агенцијата за млади и спорт............... | 46 |
| 1685. | **Решение** за именување членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Универзитетот за информатички технологии во Скопје................................ | 46 |
| 1686. | **Решение** за именување претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на одделни факултети на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип....................................... | 47 |
| 1687. | **Решение** за именување членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Технолошко - техничкиот факултет - Велес во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола....... | 47 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1688. | **Решение** за именување членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Ветеринарниот факултет во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола....................................... | **47** |
| 1689. | **Решение** за именување членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Правниот факултет - Кичево во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола........................... | **48** |
| 1690. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година.................................................... | **48** |
| 1691. | **Правилник** за начинот на постапување со анкетните листови на службените лица............................................. | **48** |
| 1692. | **Правилник** за формата и содржината на образецот, содржината,постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители.................................... | **49** |
| 1693. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **51** |
| 1694. | **Решение** за одбивање на барањето за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда.................................. | **51** |
| 1695. | **Решение** за одбивање на барањето за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда.................................. | **51** |
| 1696. | **Одлука** за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македнија | **51** |
| | **Огласен дел**......................................... | **1-76** |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1667.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за инвалидски организации, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јули 2008 година.

Бр. 07-2889/1
11 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Содржина на Законот**

Со овој закон се уредуваат статусот, подрачјето на дејствување, финансирањето и сопственоста на инвалидските организации.

Одредбите на овој закон, кои се однесуваат на физички лица, важат подеднакво за жени и за мажи.

Член 2
**Инвалидска организација**

Инвалидска организација е здружение на граѓани која се формира согласно со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Инвалидска организација може да се здружува во различни облици како сојузи и други облици на здружување или поврзување (во натамошниот текст: здружение) или сојуз на здруженија на граѓани (во натамошниот текст: сојуз).

На инвалидските организации се применуваат одредбите на Законот за здруженија на граѓани и фондации, ако со овој закон поинаку не е определено.

Член 3

Инвалидската организација е доброволно и независно здружување на лицата со инвалидност заради остварување на заеднички интереси и посебни потреби, како и нивните законски застапници, со цел да ги утврдуваат, застапуваат и задоволуваат посебните потреби на лицата со инвалидност, како и да ги застапуваат интересите на лицата со инвалидност.

Во органите на управување на инвалидската организација лицата со инвалидност се застапени најмалку со 70%, освен во инвалидските организации на лицата со интелектуална попреченост.

Инвалидската организација при своето дејствување ги почитува начелата на инвалидската заштита, утврдени во законите на Република Македонија, меѓународната правна заштита и меѓународните стандарди и конвенции во областа на инвалидската заштита. Инвалидската организација може да дејствува на државно или на локално ниво.

Член 4

Инвалидските организации учествуваат при оформувањето на националната политика која се однесува на инвалидската заштита и во мерките за обезбедување на еднакви можности и еднакви права на лицата со инвалидност.

Државните органи за сите работи од ставот 1 на овој член се консултираат со инвалидските организации.

Член 5
**Членство**

Членови на инвалидска организација можат да бидат инвалидни лица, нивни законски застапници и други физички лица кои ја помагаат активноста на инвалидската организација.

Лице со инвалидност во согласност со Законот за социјалната заштита и Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој е поединец кој заради своите вроде¬ни или здобиени повреди и попреченост стекнати или создадени од нивната физичка или животна средина, сам не може делумно или во целост да ги задоволува личните, семејните и животните потреби за живот во средината во која живее.

Член 6
**Јавност**

Дејствувањето и работењето на инвалидските организации е јавно.

Податоците впишани во регистарот на инвалидските организации се јавни.

II. АКТИВНОСТ

Член 7

Активноста која ја извршува инвалидската организација е непрофитабилна.

Без оглед на принципот на непрофитабилност, инвалидската организација може да извршува, исто така, и профитабилна дејност во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Инвалидската организација не смее да извршува профитабилни дејности како своја претежна дејност.

За својата активност инвалидската организација може да стекнува предмети, парични средства и имотни права, согласно со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 8
**Цели**

Цели на дејствување на инвалидската организација за достигнување на квалитет на животот на лицата со инвалидност се особено:

- почитување на човековите права на лицата со инвалидност,
- вклученост во општеството и учество во секојдневниот живот,
- недискриминација на лицата со инвалидност,
- поттикнување на лицата со инвалидност да се потпираат на сопствените сили и способности,
- автономност на лицата со инвалидност како корисници на услуги,
- економска, социјална, здравствена и правна заштита на лицата со инвалидност и
- социјална правда и социјална сигурност.

Член 9
**Задачи**

Во рамките на својата активност инвалидските орган изации ги извршуваат следниве задачи:

1) ги утврдуваат интересите и ги застапуваат потребите на лицата со инвалидност на секое подрачје, кои се однесуваат на животот на лицата со инвалидност, прид онесуваат за создавање свест во јавноста и влијаат врз промените во полза на лицата со инвалидност;

2) планираат, организираат и изведуваат проекти кои им овозможуваат на одделни групи на лица со инвалидност поактивно учество и помагаат во отстранувањето на попреченоста и поголема независност во животот (оспособување за активен живот и работа, превоз, снабдување со технички помагала, лична помош, нега, физичка помош, центри за дневен престој, клубови, програми за деца и младинци со посебни потреби, програми за стари, болни и изнемоштени лица, толкување и поддржување, програми за чување на здравјето и други рехабилитациони проекти, информативна, издавачка, културна, рекреативна, спортска активност и слично;

3) учествуваат во спречувањето и отстранувањето на бариерите во физичката и социјалната средина;

4) организираат и спроведуваат активности за запознавање на инвалидните лица од областа на заштитата на здравјето, медицинска и социјална рехабилитација, воспитување, образование, оспособување, вработување, социјална заштита, култура, спорт и рекреација;

5) спречуваат и ублажуваат социјални и психички последици од инвалидноста;

6) ги оспособуваат лицата со инвалидност за самопомош и нивните блиски и други лица за живот и работа со лица со инвалидност;

7) ги развиваат социјалните вештини на лицата со инвалидност и нивната информираност за различни подрачја на животот;

8) поттикнуваат активности на соодветни органи и организации за што поуспешно решавање на прашањата во врска со лицата со инвалидност;

9) учествуваат во изготвувањето на државните мерки и предлагаат прифаќање на прописи и мерки на подрачјето на инвалидската заштита;

10) ги претставуваат, заштитуваат и почитуваат правата и интересите на државно и локално ниво;

11) обезбедуваат поддршка и создаваат можности за развој на самопомош и добротворност и

12) се поврзуваат со други инвалидски организации во земјата и во странство.

Инвалидските организации можат да извршуваат и други задачи кои се определени во основачкиот акт на инвалидската организација.

III. СТАТУС НА ИНВАЛИДСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 10

Здружение или сојуз добива статус на инвалидска организација, ако:

1) во основачкиот акт има определба и извршува одделни задачи од членот 9 став 1 точки 2, 4, 5, 6, 7 и 10 на овој закон на државно или локално ниво;

2) предлага програми (проекти) кои ќе ги реализира особено од инвалидската заштита со кои ќе се потпомага независниот живот на одредена група лица со инвалидност;

3) има стручно оспособен кадар за водење на посебните социјални програми (проекти) од инвалидската, социјалната, здравствената и друга заштита на инвалидните лица;

4) предлага посебни социјални програми (проекти) за зачленети и незачленети лица со инвалидност и

5) членуваат најмалку 40 лица од кои 95% лица со инвалидност со ист вид инвалидност, или 95% лица со инвалидност со различен вид инвалидност, но сепак со еднакви права или општествен статус, кои дејствуваат во јавен интерес на подрачјето на инвалидската заштита (во натамошниот текст: инвалидска организација) во согласност со закон.

Член 11
**Постапка за доделување на статус на инвалидска организација**

Здружението или сојузот поднесуваат писмено барање за добивање на статус на инвалидска организација до Министерството за труд и социјална политика.

Инвалидската организација е должна да се регистрира во централниот регистар на подрачјето каде што има седиште.

Член 12

Здружението или сојузот кон писменото барање за добивање на статус на инвалидска ор¬ганизација треба да приложат доказ за:

1) регистрација, име, седиште и претставници на здружението или сојузот и

2) исполнување на условите за добивање на статус на инвалидска организација.

Барањето се поднесува согласно со членот 11 став 1 на овој закон.

Член 13

Министерот за труд и социјална политика со решение одлучува за доделување на статус на инвалидска организација, врз основа на претходно мислење на Комисија.

Комисијата од ставот 1 на овој член ја формира министерот во состав од три члена од кои еден член на Комисијата е на предлог на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија од членот 26 на овој закон.

Комисијата го изготвува мислењето за стекнување статус на инвалидска организација врз основа на разгледано барање и претходно прибавено мислење од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија.

Член 14

**Престанување на статусот на инвалидска организација**

Министерот за труд и социјална политика со решение одлучува за престанување на статус на инвалидска организација, ако:

- инвалидската организација поднесе барање за престанување на статусот,
- инвалидската организација не исполнува повеќе услови за добивање на статус на инвалидска организација според овој закон и Законот за здруженија на граѓани и фондации,
- инвалидската организација не дејствува во согласност со членот 3 од овој закон,
- доколку здружението или сојузот се избришани од регистарот на здруженија на граѓани и
- инвалидската организација истапила или била исклучена од инвалидската организација, која како сојуз на здруженија го добила статус¬от на инвалидска организација.

Против решението од членот 13 став 1 на овој закон и ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до второстепената комисија при Владата на Република Македонија надлежна за прашања од социјална заштита.

Член 15

Во постапката за престанокот на статусот на инвалидска организација, решението од членот 14 став 1 на овој закон се донесува врз основа на претходно мислење на Комисијата изготвено согласно со членот 13 став 3 од овој закон.

Врз основа на правосилна одлука за бришење од регистарот на инвалидските организации, на здружението или на сојузот на здруженија им престанува статусот на инвалидска организација.

Член 16

**Регистар на инвалидски организации**

Министерството за труд и социјална политика го водирегистарот на инвалидските организации.

Регистарот на инвалидските организации ги содржи следниве податоци:

- реден број на уписот,
- датум на уписот,
- име на инвалидската организација,
- седиште на инвалидската организација,
- лично име на претставникот на инвалидската организација,
- број и датум на одлуката за добивање на статус на инвалидска организација и
- датум на престанување на статусот на инвалидската организација.

Инвалидските организации се должни на Министерството за труд и социјална политика и Централниот регистар да му достават известување за промените на податоците кои се водат во регистарот на инвалидските организации, најдоцна 15 дена од денот на настанатите промени.

## IV. НАЦИОНАЛНИ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 17

**Улога на националните инвалидски организации**

Инвалидска организација може да се стекне со статус на национална инвалидска организација ако работи на територијата на Република Македонија, како и на меѓународен план и да ги претставува лицата со определен вид на инвалидност без разлика на нивната верска, национална и расна припадност.

Покрај условите од ставот 1 на овој член инвалидската организација е потребно:

1) да има статус на инвалидска организација;

2) да има најмалку 15 општински, меѓуопштински и градски здруженија кои дејствуваат на територијата на целата држава;

3) да ги извршува задачите од членовите 9 став 1 точки 1, 9 и 12 и 10 точка 1 на овој закон;

4) во својата организација да има вклучено 95% инвалидни лица кои се со ист вид инвалидност или 95% инвалидни лица со инвалидност со различен вид инвалидност, но нивните активности се насочени кон стекнување на еднакви заеднички посебни потреби;

5) организираност за да може да дејствува во сите сфери на животот на лицата со одредена инвалидност, посебно на полето на образованието, здравството, вработувањето, социјалната заштита, културниот живот, спортско рекреативни активности и друго;

6) заради специфичните потреби на своите членови да биде оспособена да ги реализира потребите за набавка на помагала за своите членови, обезбедување на придружник, обезбедување на толкувачи на знаковен јазик, да ги оспособува членовите за ориентација и социјална интеграција, отстранување на архитектонските бариери, посредување при вработување на лицата со инвалидност, покренување на иницијативи за унапредување на социјалната заштита и правата на лицата со инвалидност, грижа за семејството, потребите од организиран културно-спортски и рекреативен живот, решавање на секојдневните животни проблеми со кои се судруваат лицата со инвалидност и друго;

7) постоење на соодветни просторни услови за вршење на административно-технички работи за потребите на лицата со инвалидност и просторни услови за клубски активности на лицата со инвалидност и

8) членство во меѓународни асоцијации на лицата со инвалидност.

Член 18
**Општи услови**

Со статус на национална инвалидска организација може да се стекне само една инвалидска организација за одреден вид на инвалидност, согласно со членот 20 од овој закон.

Член 19

Националната инвалидска организација има за задача:

- да ги претставува и застапува лицата со инвалидност и нивните интереси во комуникација со државните органи во Република Македонија и на меѓународно ниво,
- во согласност со прописите да предлага претставници на лицата со инвалидност во работните тела во државните органи, кои ги разработуваат прашањата во врска со лицата со инвалидност и
- предлага или именува претставници на лицата со инвалидност во органите на истородните меѓународни организации и здруженија.

**Посебни услови**

Член 20
**Постапка за стекнување статус на национална инвалидска организација**

Национална инвалидска организација може да биде онаа организација која ги исполнува следниве посебни услови:

1) да има регистрирано најмалку 300 члена во својата организација, со определена инвалидност врз основа на наод и мислење од надлежен орган;

2) да има најмалку 15 меѓуопштински и градски здруженија кои доброволно се здружени во единствена инвалидска организација;

3) да има обезбедено во најмалку 15 меѓуопштински и градски здруженија соодветен простор за работа и активности;

4) да има оспособен стручен кадар во најмалку 15 меѓуопштински и градски здруженија (зависно од видот на инвалидноста познавање на знаковен јазик на глувите, соодветен профил на кадри за работа со слепи, лица со интелектуална попреченост и лица со други видови на инвалидност) и

5) од денот на нивното основање да има најмалку пет години период на активно дејствување во остварување на заштитата и правата на лицата со инвалидност.

Член 21

За стекнување на статус на национална инвалидска организација, инвалидската организација поднесува писмено барање до Министерството за труд и социјална политика.

Комисијата од членот 13 на овој закон е надлежна за признавање и престанок на статусот на националната инвалидска организација.

Член 22

Со писменото барање за признавање на статусот на национална инвалидска организација треба да се приложи:

1) решение за добивање на статус на инвалидска организација,

2) извештај за извршување на задачите од членот 9 точки 1, 9 и 12 на овој закон;

3) изјава за бројот на зачленети лица со ист вид на инвалидност и нивните законски претставници или

4) изјава за бројот на зачленети лица со инвалидност со исти права и посебни потреби.

Член 23
**Престанување со работа на национална инвалидска организација**

Националната инвалидска организација престанува со работа (го губи статусот) ако не се исполнети одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации и овој закон и ако со решение е бришана од судскиот регистар.

Член 24

Националната инвалидска организација престанува со работа ако покрај одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации не ги исполнува задачите од членот 19 на овој закон.

Член 25
**Регистар на национални инвалидски организации**

Министерството за труд и социјална политика го води регистарот на националните инвалидски организации.

Регистарот на инвалидските организации ги содржи следниве податоци:

- реден број на уписот,
- датум на уписот,
- име на националната инвалидска организација,
- број и датум на одлуката за признавање на статус на национална инвалидска организација и
- датум на престанување на работата на национална инвалидска организација.

Националната инвалидска организација е должна до Централниот регистар на Република Македонија да му ги соопшти промените на сите податоци кои се водат во регистарот на националната инвалидска организација согласно со одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 26
**Национален совет на инвалидските организации на Македонија**

Националните инвалидски организации можат да се поврзат во Националниот совет на инвалидските организации на Македонија (во натамошниот текст: НСИОМ).

Националниот совет на инвалидските организации на Македонија се основа со спогодба меѓу националните инвалидски организации од ставот 1 на овој член, со која сразмерно се одредуваат задачите на НСИОМ меѓу поврзаните национални инвалидски организации. Спогодбата се доставува до Министерството за труд и социјална политика заради евидентирање во регистарот и истата се доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

Во НСИОМ сите членки се рамноправни. Во НСИОМ може да се вклучи секоја национална инвалидска организација која го сака тоа и дејствува на национално ниво. НСИОМ е должен за сите промени да го извести Министерството за труд и социјална политика и Централниот регистар на Република Македонија согласно со одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 27
**Цел на основање на НСИОМ**

НСИОМ ги усогласува интересите на сите лица со инвалидност во државата преку постигнување на автономноста на секоја инвалидска организација и ја застапува во дијалогот меѓу инвалидските организации и во дијалогот со стручните здруженија, државните органи, јавните институции и пошироката јавност.

НСИОМ предлага во согласност со прописите групни претставници на лицата со инвалидност во органите на државните и другите јавни институции, како и во органите на меѓународните организации и здруженија и извршува други групни договорени активности.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ И СОПСТВЕНОСТ НА ИНВАЛИДСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И НСИОМ

Член 28

Инвалидската организација за своето дејствување се финансира од:

- членарина,
- Буџетот на Република Македонија согласно со Одлуката за критериумите и постапките за распределба на финансиските средства на здруженија на граѓани и фондации и Листата на здруженија на граѓани и фондации,
- буџетот на локалната самоуправа,
- врз основа на имотните права и активности на инвалидската организација,
- подароци и завештанија,
- приходи на донатори и
- други извори утврдени со закон.

Член 29

Националните инвалидски организации се финансираат од:

- Буџетот на Република Македонија од средствата од игри на среќа согласно со одлука на Владата на Република Македонија за распределба на овие средства, за што доставуваат барање и програма до Министерството за финансии за тековната година,
- Буџетот на Република Македонија врз основа на проекти со кои аплицираат на оглас што го распишуваат надлежните министерства и
- други извори утврдени со закон.

Националните инвалидски организации од средствата што ги добиваат согласно со ставот 1 алинеја 1 на овој член, ги финансираат инвалидските организации на општините кои се доброволно здружени во национална инвалидска организација.

Член 30
**Национален совет на инвалидските организации на Македонија**

НСИОМ се финансира од националните инвалидски организации кои спогодбено се поврзани во НСИОМ согласно со членот 26 од овој закон.

Во спогодбата за поврзување на националните инвалидски организации во НСИОМ се определува и процент што треба да го издвои секоја национална инвалидска организација од средствата што ги добива согласно со членот 29 алинеја 1 од овој закон.

Член 31

Инвалидска организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија мора да ја составуваат финансиската документација за планирање, финансиското работење и годишното известување, така што посебно да се евидентни финансиските извори, трошоците за работење и за извршување на своите годишни програми.

Податоците се искажуваат во согласност со прописите за финансиското работење.

Член 32

Годишниот извештај за работењето на инвалидската организација и националната инвалидска организација го разгледува и прифаќа надлежен орган на инвалидската организација. Инвалидската организација го доставува годишниот извештај за работата на организацијата, овластена за обработка и објавување на податоците, до последниот ден на февруари во тековната година, на правните и физичките лица кои ги обезбедуваат средствата на инвалидската организација, а потоа за употребата на тие средства инвалидската организација ја известува националната инвалидска организација и други надлежни органи.

Националните инвалидски организации доставуваат годишен извештај за работата со финансиски извештај до Националниот совет, а Националниот совет извештајот го доставува до надлежното министерство и донаторите на финансиските средства.

Член 33
**Стопанисување со сопственоста**

Инвалидската организација, националната инвалидска организација и Националниот совет на инвалидските организации располага и управува со имотот и паричните средства согласно со Статутот, Законот за здруженија на граѓани и фондации и друг закон.

Член 34

По престанувањето на работата на инвалидската организација за управување со нејзината сопственост, се применуваат одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Член 35
**Надзор над законитоста на работењето**

Надзорот врз извршувањето на програмите и инвестициите можат да го извршуваат, покрај надлежните органи на организацијата, исто така и стручни органи кои се овластени од правните и физичките лица кои ги доделуваат средствата на инвалидската организација (спонзори, донатори и слично).

Надзорот врз законитоста на работењето и исполнувањето на одредбите на овој закон и Законот за здруженија на граѓани и фондации над инвалидската организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидските организации го врши Министерството за труд и социјална политика, а надзорот на финасиското работење го вршат Министерството за финансии и Државниот ревизор за финансиско работење.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 36
**Глоба**

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на инвалидска организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидски организации, ако:

- презема активности со кои ги попречува целите на дејствување (членови 8, 19 и 27),
- не извести за промена на податоците (член 25),
- не составува финансиска документација (член 31) и
- не доставува годишна програма и финансиски извештај (член 32).

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во инвалидската организација, националната инвалидска организација и Националиот совет на инвалидски организации.

VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR ORGANIZATAT E INVALIDËVE**

I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

Neni 1
**Përmbajtja e ligjit**

Me këtë ligj rregullohet statusi, rajoni i veprimit, financimi dhe pronësia e organizatave të invalidëve.

Dispozitat e këtij ligji, që kanë të bëjnë me persona fizikë, vlejnë njëlloj për femra dhe për meshkuj.

Neni 2
**Organizata e invalidëve**

Organizatë e invalidëve është shoqata e qytetarëve e cila formohet në pajtim me Ligjin për shoqata të qytetarëve dhe fondacione.

Organizata e invalidëve mund të bashkohet në forma të ndryshme të shoqërimit si lidhje dhe forma tjera të shoqërimit ose të lidhjes (në tekstin e mëtejshëm: shoqata) ose lidhje e shoqatave të qytetarëve (në tekstin e mëtejshëm: lidhja).

Në organizatat e invalidëve zbatohen dispozitat e Ligjit për shoqata të qytetarëve dhe fondacione, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

Neni 3

Organizata e invalidëve është shoqatë vullnetare dhe e pavarur e personave me invaliditet me shkak të realizimit të interesave të përbashkëta dhe nevojave të veçanta, si dhe të përfaqësuesve të tyre ligjorë, me qëllim që t'i vërtetojnë, përfaqësojnë dhe t'i kënaqin nevojat e veçanta të personave me invaliditet, si dhe t'i përfaqësojnë interesat e personave me invaliditet.

Në organet e udhëheqjes së organizatave të invalidëve personat me invaliditet janë të përfshirë me 70%, përveç në organizatat e personave me pengesa intelektuale.

Organizata e invalidëve gjatë veprimit të vet i respekton parimet e mbrojtjes së invalidëve, të përcaktuara në ligjet e Republikës së Maqedonisë, në mbrojtjen ndërkombëtare juridike dhe standardet dhe konventat ndërkombëtare në sferën e mbrojtjes së invalidëve. Organizata e invalidëve mund të veprojë në nivel shtetëror ose lokal.

Neni 4

Organizatat e invalidëve marrin pjesë gjatë formimit të politikës nacionale e cila ka të bëjë me mbrojtjen e invalidëve edhe në masat për sigurimin e mundësive të njëjta dhe të drejtave të njëjta të personave me invaliditet.

Organet shtetërore për të gjitha punët nga paragrafi 1 i këtij neni konsultohen me organizatat e invalidëve.

Neni 5
**Anëtarësimi**

Anëtarë të organizatës së invalidëve mund të jenë persona invalidë, përfaqësuesit e tyre ligjorë dhe persona tjerë fizikë, të cilët e ndihmojnë aktivitetin e organizatës së invalidëve.

Personi me invaliditet në pajtim me Ligjin për mbrojtje sociale dhe Rregulloren për vlerësim të nevojave specifike të personave me të meta në zhvillimin psikik dhe fizik është individi, i cili për shkak të lëndimeve të tij të lindura ose të fituara dhe të pengesave të fituara ose të krijuara nga ambienti i tyre fizik ose jetësor, vetë nuk mund t'i kënaqë pjesërisht ose tërësisht nevojat personale, familjare dhe jetësore për jetë në ambientin në të cilin jeton.

Neni 6
**Transparenca**

Veprimtaria dhe puna e organizatave të invalidëve është transparente.

Të dhënat, e regjistruara në regjistrin e organizatave të invalidëve, janë transparente.

II. AKTIVITETI

Neni 7

Aktiviteti, të cilin e kryen organizata e invalidëve, është joprofitabil.

Pa marrë parasysh principin e joprofitabilitetit, organizata e invalidëve mund të kryejë gjithashtu, edhe veprimtari profitabile në pajtim me Ligjin për shoqatat e qytetarëve dhe fondacionet.

Organizata e invalidëve nuk guxon të kryejë veprimtari profitabile si veprimtari kryesore.

Për aktivitetin e vet organizata e invalidëve mund të marrë sende, mjete në para dhe të drejta të pronës, në pajtim me Ligjin për shoqatat e qytetarëve dhe fondacionet.

Neni 8
**Qëllimet**

Qëllimet e veprimtarisë së organizatës së invalidëve për arritje të kualitetit të jetës së personave me invaliditet janë veçanërisht:

- respektimi i të drejtave të njeriut të personave me invaliditet;
- përfshirja në shoqëri dhe pjesëmarrja në jetën e përditshme;
- mosdiskriminimi i personave me invaliditet;
- nxitja e personave me invaliditet të mbështeten në forcat dhe aftësitë e tyre;
- autonomia e personave me invaliditet si shfrytëzues të shërbimeve;
- mbrojtja ekonomike, sociale, shëndetësore dhe juridike e personave me invaliditet dhe
- drejtësia sociale dhe sigurimi social.

Neni 9
**Detyrat**

Në korniza të secilit aktivitet, organizatat e invalidëve i kryejnë detyrat si vijojnë:

1) i përcaktojnë interesat dhe i përfaqësojnë nevojat e personave me invaliditet në çdo rajon, që kanë të bëjnë me jetën e personave me invaliditet, kontribuojnë për krijimin e vetëdijes në publik dhe ndikojnë në ndryshimet në dobi të personave me invaliditet.

2) planifikojnë, organizojnë dhe zbatojnë projekte, të cilat grupeve të veçanta të njerëzve me invaliditet u mundësojnë pjesëmarrje më aktive dhe u ndihmojnë në mënjanimin e pengesave dhe në pavarësimin më të madh për jetë (aftësim për jetë dhe punë aktive, transport, pajisje me ndihmëse teknike, ndihmë personale, kujdes, ndihmë fizike, qendra për qëndrim ditor, klube, programe për fëmijë dhe të rinj me nevoja të veçanta, programe për persona të moshuar, të sëmurë dhe të pamundur, interpretimin dhe përmbajtje, programe për ruajtjen e shëndetit dhe projekte tjera rehabilituese, aktivitete informative, botuese, kulturore, rekreative, sportive dhe të tjera);

3) marrin pjesë në parandalimin dhe mënjanimin e barrierave në ambientin fizik dhe social;

4) organizojnë dhe zbatojnë aktivitete për njohjen e personave invalidë me sferën e mbrojtjes së shëndetit, rehabilitimin mjekësor dhe social, edukim, arsim, aftësim, punësim, mbrojtje sociale, kulturë, sport dhe rekreacion;

5) parandalojnë dhe zbusin pasojat sociale dhe psikike nga invaliditeti;

6) i aftësojnë personat me invaliditet për vetëndihmë dhe të afërmit e tyre dhe personat tjerë për jetë dhe punë me persona me invaliditet;

7) i zhvillojnë shkathtësitë sociale të personave me invaliditet dhe informimin e tyre për zona të ndryshme të jetës;

8) nxisin aktivitete të organeve dhe organizatave përkatëse për zgjidhjen sa më të shpejtë të çështjeve të lidhura me personat me invaliditet;

9) marrin pjesë në përgatitjen e masave shtetërore dhe propozojnë pranimin e dispozitave dhe masave të territorit të personave me invaliditet;

10) i përfaqësojnë, i mbrojnë dhe i respektojnë të drejtat dhe interesat në nivel shtetëror dhe lokal;

11) sigurojnë përkrahjen, krijojnë mundësi për zhvillimin e ndihmës së ndërsjellë dhe të bamirësisë dhe

12) lidhen me organizata tjera të invalidëve në vend dhe jashtë vendit.

Organizatat e invalidëve mund të kryejnë edhe detyra tjera, të cilat janë caktuar në aktin themelues të organizatës së invalidëve.

III. STATUSI I ORGANIZATËS SË INVALIDËVE

Neni 10

Shoqata ose lidhja fitojnë statusin për organizatë të invalidëve nëse:

1) në aktin themelues ka përcaktim dhe kryen detyra të veçanta nga neni 9, paragrafi 1 pikat 2, 4 ,5, 6, 7 dhe 10 të këtij ligji në nivel shtetëror dhe lokal;

2) të propozojë programe (projekte) të cilat do t'i realizojë veçanërisht nga mbrojtja nga invaliditeti me të cilat do të ndihmohet jeta e pavarur e grupit të caktuar të personave me invaliditet;

3) ka kuadër të përgatitur profesionalisht për udhëheqjen e programeve (projekteve) sociale nga mbrojtja e invaliditetit, sociale shëndetësore dhe mbrojtje tjetër e personave invalidë;

4) propozon programe ( projekte) sociale speciale për persona me invaliditet, të anëtarësuar dhe të paanëtarësuar dhe

5) nëse anëtarësojnë së paku 40 persona nga të cilët 95% persona me invaliditet të llojit të njëjtë, ose 95% persona me invaliditet të llojit të ndryshëm, por megjithatë me të drejta ose status shoqëror të njëjtë, të cilët veprojnë në interes publik të rajonit të mbrojtjes nga invaliditeti (në tekstin e mëtejshëm: organizata e invalidëve) në pajtim me ligjin.

Neni 11
**Procedura për ndarjen e statusit organizatës së invalidëve**

Shoqata ose lidhja i paraqesin kërkesë me shkrim për të fituar status të organizatës së invalidëve Ministrisë e Punës dhe Politikës Sociale.

Organizata e invalidëve është e obliguar të regjistrohet në Regjistrin qendror në rajonin ku e ka selinë.

Neni 12

Shoqata ose lidhja kërkesës me shkrim për të fituar statusin e organizatës së invalidëve duhet t'i bashkëngjisin:

1) dëshminë e regjistrimit, emrin, selinë dhe përfaqësuesit e shoqatës ose lidhjes dhe

2) dëshminë për plotësimin e kushteve për fitimin e statusit të organizatës së invalidëve.

Kërkesa paraqitet në pajtim me nenin 11, paragrafin 1 të këtij ligji.

Neni 13

Ministri i Punës dhe Politikës Sociale me aktvendim vendos për ndarjen e statusit organizatës së invalidëve, në bazë të mendimit paraprak të Komisionit.

Komisionin nga paragrafi 1 i këtij neni e formon ministri në përbërje të tre anëtarëve, nga të cilët një anëtar i komisionit është me propozim të Këshillit nacional të organizatave të invalidëve të Maqedonisë nga neni 26 i këtij ligji.

Komisioni e përgatit mendimin për fitimin e statusit të organizatës së invalidëve në bazë të kërkesave të shqyrtuara dhe mendimit paraprak të marrë nga Trupi nacional koordinues për të drejta të barabarta të personave me invaliditet në Republikën e Maqedonisë dhe Këshillim nacional i organizatave të invalidëve në Republikën e Maqedonisë.

Neni 14
**Ndërprerja e statusit të organizatës së invalidëve**

Ministri i Punës dhe Politikës Sociale me aktvendim vendos për ndërprerjen e statusit të organizatës së invalidëve, nëse:

- organizata e invalidëve paraqet kërkesë për ndërprerjen e statusit;
- organizata e invalidëve nuk i plotëson më kushtet për fitimin e statusit të organizatës së invalidëve sipas këtij ligji dhe sipas Ligjit për shoqatat e qytetarëve dhe fondacioneve;
- nëse organizata nuk vepron në pajtim me nenin 3 të këtij ligji;
- nëse shoqata ose lidhja janë shlyer nga regjistri i shoqatave të qytetarëve dhe
- nëse organizata e invalidëve është tërhequr ose është përjashtuar nga organizata e invalidëve, e cila si lidhje e shoqatave e ka fituar statusin e organizatës së invalidëve.

Kundër aktvendimit nga neni 13 paragrafi 1 i këtij ligji, mund të dorëzohet ankesë te komisioni i shkallës së dytë në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, kompetent për çështje të mbrojtjes sociale.

Neni 15

Në procedurën për ndërprerje të statusit të organizatës së invalidëve, aktvendimi nga neni 14 paragrafi 1 i këtij neni merret në bazë të mendimit paraprak të komisionit, të përgatitur në pajtim me nenin 13 paragrafi 3 të këtij ligji.

Në bazë të vendimit të plotfuqishëm për shlyerje nga regjistri i organizatave të invalidëve, shoqatës ose lidhjes së shoqatave u ndërpritet statusi i organizatës së invalidëve.

Neni 16

**Regjistri i organizatave të invalidëve**

Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e mban regjistrin e organizatave të invalidëve.

Regjistri i organizatave të invalidëve i përmban këto të dhëna:

- numrin rendor të regjistrimit,
- datën e regjistrimit,
- emrin e organizatës së invalidëve,
- selinë e organizatës së invalidëve,
- emrin personal të përfaqësuesit të organizatës së invalidëve,
- numrin dhe datën e vendimit për fitimin e statusit të organizatës së invalidëve, dhe
- datën e ndërprerjes së statusit të organizatës së invalidëve.

Organizatat e invalidëve janë të obliguara që Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale dhe regjistrit qendror t'i dorëzojnë njoftim për ndryshimet e të dhënave të cilat mbahen në regjistrin e organizatave të invalidëve, më së voni 15 ditë nga dita e ndryshimeve të bëra.

III. ORGANIZATAT NACIONALE TË INVALIDËVE

Neni 17

**Statusi i organizatave nacionale të invalidëve**

Organizata e invalidëve fiton statusin e organizatës nacionale të invalidëve nëse punon në territorin e Republikës së Maqedonisë, si dhe në plan ndërkombëtar dhe t'i paraqesë personat me lloj të caktuar të invaliditetit pa dallim të përkatësisë së tyre fetare, kombëtare dhe racore.

Krahas kushteve nga paragrafi 1 i këtij neni organizata e invalidëve është e nevojshme që të ketë:

1) statusin e organizatës së invalidëve;

2) së paku 15 shoqata komunale, ndërkomunale dhe qytetare të cilat veprojnë në tërë territorin e shtetit;

3) t'i kryej; detyrat nga neni 9, paragrafi 1, pikat 1, 9 dhe 12, dhe nga neni 10 pika 1 të këtij ligji;

4) në organizatën e vet të ketë të përfshirë 95% persona invalidë të cilët janë me lloj të njëjtë invaliditeti, ose 95% persona invalidë me invaliditet të llojit të ndryshëm, por aktivitetet e tyre të jenë të orientuara kah plotësimi e nevojave të njëjta , të përbashkëta dhe të veçanta;

5) organizim që të mund të veprojë në të gjitha sferat e jetës së personave me invaliditet të caktuar, veçanërisht në fushën e arsimit, shëndetësisë, punësimit, mbrojtjes sociale, jetës kulturore, aktiviteteve sportive rekreative dhe të tjera;

6) për shkak të nevojave specifike të anëtarëve të vet të jetë e aftësuar t'i realizojë nevojat për furnizim të mjeteve ndihmëse për anëtarët e vet, sigurimin e shoqëruesit, sigurimin e interpretuesve të gjuhës me shenja, t'i aftësojë anëtarët për orientim dhe integrim social, anulimin e barrierave arkitektonike, rregullimin gjatë punësimit të personave me invaliditet, ngritjen e iniciativave për përparimin e mbrojtjes sociale dhe të drejtave të personave me invaliditet, kujdesin për familjen, nevojat për organizimin e jetës kulturore, sportive dhe rekreative, zgjidhjen e problemeve të përditshme jetësore me të cilat ndeshen personat me invaliditet dhe të tjera;

7) ekzistimi i kushteve të përshtatshme hapësinore për kryerjen e punëve administrative teknike për nevojat e personave me invaliditet dhe kushteve hapësinore për aktivitete të klubeve të personave me invaliditet dhe

8) anëtarësim në asociacionet ndërkombëtare të personave me invaliditet.

Neni 18

**Kushtet e përgjithshme**

Statutin e Organizatës nacionale të invalidëve mund të marrë vetëm një organizatë e invalidëve për lloj të caktuar të invaliditetit, në pajtim me nenin 20 të këtij ligji.

Neni 19

Organizata nacionale e invalidëve ka për detyrë:

- t'i paraqesë dhe t'i përfaqësojë personat me invaliditet dhe interesat e tyre në komunikim me organet shtetërore në Republikën e Maqedonisë dhe në nivel ndërkombëtar,
- në pajtim me dispozitat të propozojë përfaqësues të personave me invaliditet në trupat punues në organet shtetërore, të cilat i përpunojnë çështjet në lidhje me personat me invaliditet dhe
- propozon ose emëron përfaqësues të personave me invaliditet në organet e shoqatave dhe organizatave ndërkombëtare homogjene.

**Kushtet e veçanta**

Neni 20

**Procedura për marrjen e statusit të Organizatës nacionale të invalidëve**

Organizatë nacionale e invalidëve mund të jetë ajo organizatë e cila i plotëson kushtet e veçanta në vijim:

1) të ketë të regjistruar në organizatën e vet së paku 300 anëtarë me invaliditet të përcaktuar në bazë të udhëzimit dhe mendimit të organit kompetent;

2) të ketë së paku 15 shoqata ndërkomunale dhe qytetare të cilat vullnetarisht janë bashkuar në një organizatë të vetme të invalidëve;

3) të ketë të siguruar hapësirë të përshtatshme për punë dhe aktivitete, në së paku 15 shoqata ndërkomunale dhe qytetare;

4) të ketë kuadër të aftësuar profesional në së paku 15 shoqata ndërkomunale qytetare (varësisht nga lloji i invaliditetit: njohja e gjuhës me shenja të personave të shurdhër, profil përkatës të kuadrove për punë me të verbër, persona me të pengesa intelektuale dhe persona me lloje tjera të invaliditetit) dhe

5) Nga dita e themelimit të tyre të ketë së paku 5 vjet periudhë të veprimtarisë aktive në realizimin e mbrojtjes dhe të drejtave të personave me invaliditet.

Neni 21

Për marrjen e statusit të Organizatës nacionale të invalidëve, organizata e invalidëve i paraqet kërkesë me shkrim Ministrisë e Punës dhe Politikës Sociale.

Komisioni nga neni 13 i këtij ligji është kompetent për pranimin dhe ndërprerjen e statusit të Organizatës nacionale të invalidëve.

Neni 22

Kërkesës me shkrim për njohjen e statusit të Organizatës nacionale të invalidëve duhet t'i bashkëngjiten:

1) Aktvendimi për pranimin e statusit të organizatës së invalidëve,

2) Raporti për kryerjen e detyrave nga pikat 1, 9 dhe 12 nga neni 9 i këtij ligji, dhe

3) Deklarata për numrin e personave të anëtarësuar me lloj të njëjtë invaliditeti dhe përfaqësuesit e tyre ligjor ose

Nëse kryerësi e pranon urdhërpagesën është i obliguar që të njëjtën ta nënshkruajë. Pranimi i urdhërpagesës për kryerësin e kundërvajtjes shënohet në procesverbal.

Kur si kryerës i kundërvajtjes paraqitet person juridik, procesverbalin dhe urdhërpagesën i nënshkruan personi zyrtar, përkatësisht personi përgjegjës që është gjendur në vendngjarje gjatë mbikëqyrjes inspektuese ose person tjetër zyrtar ose person përgjegjës i cili ka deklaruar se ka të drejtë ta nënshkruajë procesverbalin dhe ta pranojë urdhërpagesën.

Deklarata e paragrafit 6 të këtij neni shënohet në procesverbal.

Inspektorët e kulturës janë të obliguar të mbajnë evidencë për procedurat e ngritura për barazim dhe për përfundimin e tyre."

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1672.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јули 2008 година.

Бр. 07-2888/1
14 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Во Законот за угостителската дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2004), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

"Член 5-а

Правните и физичките лица од областа на угостителството со цел за унапредување на дејноста можат да се здружуваат во разни форми на здружување согласно со закон."

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

„Угостителот е должен исполнувањето на условите од членот 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа да го пријави на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачје-

то на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект .

Угостителот е должен да ја пријави и промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од настанатите промени.

Министерот за економија ги пропишува формата и содржината на образецот на пријавата од ставовите 1 и 2 на овој член. "

Член 3

Во членот 8 ставот 1 се брише .

Ставот 2 станува став 1.

Во ставот 3 кој станува став 2 на крајот од реченицата зборовите: "ставот 2 од овој член" се заменуваат со зборовите: "ставот 1 од овој член".

Член 4

Во членот 10 зборовите: "став 2 " се заменуваат со зборовите: "став 1".

Член 5

Во членот 12 став 3 зборовите: "(тераси и летни бавчи) " се бришат.

Член 6

Членовите 13 и 14 се бришат .

Член 7

Во членот 15 по зборот "пијалаци" запирката се заменува со точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 8

Во членот 22 ставот 1 се менува и гласи:

"Лиценцата од членот 20 се издава во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на вршителот на угостителската дејност и важи за период од една година."

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Доколку надлежниот орган не издаде лиценца во рокот од ставот 1 на овој член ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето."

Ставот 2 станува став 3.

Член 9

Во членот 23 се додава нов став 2, кој гласи:

"По исклучок од одредбите на ставот 1 точки 2,3 и 4 од овој член, угостителските објекти за брза храна ( сендвичари) можат да работат до 01,00 часот во зимскиот период, односно до 02,00 часот во летниот период, а во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови до 05,00 часот. "

Ставот 2 станува став 3.

Член 10

Во членот 28 ставот 2 се менува и гласи:.

"Комисиите од ставот 1 на овој член ги формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството од еден претставник на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа за труд и социјална политика, претставник од локалната самоуправа на чија територија се врши категоризацијата и претставник од угостителското стопанство."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Доколку комисиите не донесат решение во рокот од ставот 4 на овој член ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето."

Ставот 5 станува став 6.

Член 11

Во членот 35 точката 4 се менува и гласи:

"4) да се придржува на истакнатите цени;".

По точката 4 се додаваат три нови точки 5, 6 и 7, кои гласат :

"5) да поседуваат документи за набавени производи (фактури, сметки, испратници и слично);

6) за секоја дадена услуга да издаде сметка со спецификација на услугите од фискална каса;

7) на видно место на влезот на угостителскиот објект да го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат;".

Точките 5, 6 и 7 стануваат точки 8, 9 и 10.

Точките 8 и 10 се бришат.

Точката 9 станува точка 11.

Точките 11, 12 и 13 стануваат точки 12, 13 и 14.

Член 12

Во членот 38 се додава нов став 2, кој гласи:

"Во угостителските објекти за брза храна (сендвичари) забрането е продажба и послужување на алкохолни пијалаци, како и да пуштаат музика после 24,00 часот."

Член 13

Во членот 41 ставот 5 се брише.

Член 14

Во членот 46 точка 1 на крајот на реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: "при што во еден објект под заеднички покрив може да се издаде само едно одобрение".

Член 15

Членот 57 се менува и гласи:.

"Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат и другите инспекциски органи согласно со овластувањата утврдени со овој и со друг закон."

Член 16

Во членот 59 став 1 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи:

"2) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);".

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

Член 17

Во членот 61 став 1 точка 2 по зборот "економска" се става запирка и се додава зборот "правна".

Член 18

Членот 64 се менува и гласи:

"Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека угостителот:

1) не се придржува на истакнатите цени (член 35 став 1 точка 4);

2) не поседува документи за набавени производи (фактури, сметки, испратници и слично) (член 35 став 1 точка 5) и

3) за секоја дадена услуга не издаде сметка со спецификација на услугите од фискална каса (член 35 став 1 точка 6), веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење на угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член инспекторот во рок од три дена ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност во времетраење од 60 дена и на видно место ќе ја објави причината за затворање на објектот.

Доколку угостителот во тековната година стори дејствија за кои е изречена мерката од ставот 1 на овој член, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност во времетраење од 90 дена и ќе го затвори угостителскиот објект.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од ставот 3 на овој член не го одлага неговото извршување. "

Член 19

Членот 65 се менува и гласи:

"Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека угостителот:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од членот 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според местото каде што се даваат услугите,најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени ( член 7 став 2);

3) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

4) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2);

5) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 35 став 1 точка 7);

6) не обезбеди посебен простор означен за пушачи (член 36 став 2);

7) во угостителските објекти врши послужување на алкохолни пијалаци на лица помлади од 18 години и врши служење на алкохолни пијалаци од страна на малолетни лица (член 37 став 1);

8) во угостителските објекти послужува алкохолни пијалаци од почетокот на работното време од 07,00 до 10,00 часот (член 38 став 1) и

9) во угостителските објекти за брза храна (сендвичари ) вршат продажба и послужување на алкохолни пијалаци и пуштаат музика после 24,00 часот (член 38 став 2), веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење на угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член инспекторот во рок од три дена ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста во траење од 30 дена и ќе го затвори угостителскиот објект, истакнувајќи ја на видно место причината за неговото затворање.

Доколку угостителот во тековната година стори дејствија за кои е изречена мерката од ставот 1 на овој член, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност во времетраење од 60 дена и ќе го затвори угостителскиот објект.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од ставот 3 на овој член не го одлага неговото извршување."

Член 20

Членот 66 се менува и гласи:

"Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека:

1) угостителската дејност се врши без упис во трговскиот регистар (член 4 став 1);

2) угостителската дејност се врши без да се исполнети пропишаните минимално-технички услови, санитарно-хигиенски и здравствени услови, условите за заштита при работа, заштита и унапредување на животната средина, противпожарната заштита и условите за заштита од бучава (член 6 ставови 1 и 2);

3) угостителската дејност се врши во деловни објекти или простори каде се врши друга дејност без да се исполнети пропишаните услови за вршење на друга дејност (член 12 став 2);

4) угостителска дејност се врши во угостителски објекти ноќен бар, кабаре и диско клуб без лиценца (член 20 став 1) и

5) угостителот дозволи пристап на лица со возраст под 18 години (член 35 став 1 точка 3), веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење на угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член инспекторот во рок од три дена ќе донесе решение за забрана на вршителот на угостителската дејност за вршење на дејноста во времетраење од 30 дена со затворање на угостителскиот објект, истакнувајќи ја причината за неговото затворање.

Доколку угостителот во тековната година стори дејствија за кои е изречена мерката од ставот 1 на овој член, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста во времетраење од 60 дена и ќе го затвори угостителскиот објект.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од ставот 3 на овој член не го одлага неговото извршување."

Член 21

Членот 67 се менува и гласи:

"Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека угостителот:

1) ќе започне со работа во угостителскиот објект без добиена категорија (член 32 став 1) и

2) нема доказ за извршената промена на категоријата на угостителскиот објект во смисла на членот 33 став 3 од овој закон, веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење на угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член инспекторот во рок од три дена ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста во траење од 15 дена и ќе се затвори угостителскиот објект, истакнувајќи ја на видно место причината за неговото затворање.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од ставот 2 на овој член не го одлага неговото извршување."

Член 22

Насловот на Главата VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ се менува и гласи: "VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ " и се додава нов член 67-а, кој гласи:

"Член 67-а

За прекршоците утврдени во членовите 69, 70, 72 и 73 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од службени лица овластени од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со одредбите од Законот за прекршоците."

Член 23

Членот 68 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) врши угостителска дејност во угостителски објекти: ноќен бар, кабаре и дискоклуб без лиценца ( член 20 став 1);

2) ја пренесе лиценцата (член 22 став 2);

3) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2) ;

4) не се придржува на истакнатите цени (член 35 став 1 точка 4);

5) не поседува документи за набавените производи (фактури, сметки, испратници и слично (член 35 став 1 точка 5);

6) за секоја дадена услуга не издаде сметка со спецификација на услугите од фискална каса (член 35 став 1 точка 6 );

7) не ги дава угостителските услуги вклучени во туристичкиот пакет аранжман во угостителските објекти за сместување преку организаторите на патување или посредниците, односно туристичките агенции (член 35 став 1 точка 11) и

8) послужува алкохол и алкохолни пијалаци на лица под 18 години (член 37 став 1).

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата за правното лице ќе му се изрече и санкција привремена забрана за вршење на угостителска дејност во траење од една до три години.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата од ставот 3 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години. "

Член 24

Членот 69 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови и други услови пропишани со закон (член 6 став 1);

2) не го пријави исполнувањето на условите од членот 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите , најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

3) не ја пријави промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите во рок од 15 дена од настанатите промени (член 7 став 2);

4) угостителската дејност се врши во објект или простори каде што се врши друга дејност без да се исполнети пропишаните услови за вршење на угостителската дејност (член 12 став 2);

5) угостителската дејност се врши надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

6) започне со вршење на дејноста пред да добие решение за категорија на угостителскиот објект (член 32 став 1);

7) не ги утврди нормативите за храна и пијалаци кои ги послужува и не им овозможи на корисниците увид во тие нормативи (член 35 став 1 точка 7);

8) не ги завери нормативите за храна кај градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје и угостителските услуги не ги дава во соодветна количина и квалитет според утврдените нормативи (член 35 став 1 точка 8);

9) не води книга на гостите во угостителскиот објект за сместување (член 35 став 1 точка 9);

10) врши кампирање во неорганизирани кампови (член 42 став 2);

11) се поставаат шатори , камп куќички, камп приколки и друга опрема за кампирање надвор од кампот (член 43) и

12) привремено кампирање се врши на земјиште кое не е одредено од советот на општината, а во градот Скопје од Советот на градот Скопје (член 44 став 2).

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и санкција привремена забрана за вршење на угостителска дејност во траење од 15 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба за прекршок на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.”

Член 25

Членот 70 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) нема доказ за извршена промена на категоријата на угостителскиот објект (член 33 став 3);

2) не ги одржува просториите и опремата и не дава услуги во угостителскиот објект според пропишаните минимално технички услови, како и условите на категоризација за видовите објекти за кои е предвидена категоризација (член 35 став 1 точка 1);

3) во објектите од членот 41 став 3 на овој закон покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења;

4) организира и врши кампирање спротивно на членот 42 ставови 1 и 2 од овој закон;

5) кампот нема утврден куќен ред( член 45 став 1);

6) на влезот на кампот или на друго за тоа соодветно место не постави план - шема на кампот, не истакне ценовник за користење на просторот за кампирање, категорија на кампот, како и други услуги што ги дава кампот (член 45 став2) ;

7) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот (член 26 став 1);

8) не истакне на видно место пропишана ознака на видот и категоријата на угостителскиот објект (член 32 став 2);

9) не ги истакне цените согласно со членот 35 став 1 точка 2 од овој закон;

10) не истакне на видно место на влезот на угостителскиот објект -ноќен бар и кабаре, табла со димензии 20х50 см со содржина “лица со возраст под 18 години немаат право на посета“ ( член 35 став 1 точка 3);

11) не го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 10);

12) на видно место во угостителскиот објект или во менито не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат ( член 35 став 1 точка 12);

13) во сите пропагандни материјали не ги означи видот и категоријата на објектот (член 35 став 1 точка 13);

14) не истакне на видно место во угостителскиот објект натпис со содржина ”лица со возраст под 18 години не се послужуваат со алкохолни пијалаци” (член 37 став 2);

15) послужува алкохолни пијалаци од 07,00 до 10,00 часот (член 38 став 1);

16) продава и послужува алкохолни пијалаци и пушта музика после 24,00 часот (член 38 став 2 ) и

17) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 35 став 1 точка 7).

За дејствијата од ставот 1 на овој член , ќе се изрече глоба за прекршок на одговорното лице во правното лице во износ од 400 евра во денарска противввредност.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице.”

Член 26

Членот 71 се брише.

Член 27

Членот 72 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец за дејствијата од членовите 69, 70 и 71 на овој закон.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член ќе се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место на трговец поединец.“

Член 28

Членот 73 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

1) изнајмува соби, апартмани, куќи за одмор спротивно на членот 46 став 1 точка 1 од овој закон;

2) организира камп и дава услуги спротивно на членот 46 став 1 точка 2 од овој закон;

3) дава услуги на појадок спротивно на членот 46 став 1 точка 3 од овој закон;

4)ги издава собите, апартманите, куќите и становите за одмор без договор склучен со туристичката агенција, туристичкото биро и трговското друштво регистрирано за вршење на угостителската дејност (член 48);

5) на видно место не го истакне видот и категоријата на објектот (член 51 став 1 точка 1);

6) членот на домаќинството или лицата што им помагаат на членовите на домаќинството не ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството во смисла на членот 52 став 2 од овој закон;

7) дава услуги во сидришта и пристаништа, како и кога пловниот објект кружи надвор од сидриштето и пристаништето на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект заради превоз (член 54 став 4);

8) куќите, апартманите и собите не ги исполнуваат минимално-техничките услови и условите за категоризација во смисла на членот 6 од овој закон (член 47 став 1);

9) на видно место не го истакне називот на услугите кои ги дава од членот 51 став 1 точка 2 на овој закон;

10) не води книга на евиденција на гостите (член 51 став 1 точка 5);

11) на видно место во објектот не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат (член 51 став 1 точка 6) и

12) дава услуги во пловни објекти за повеќе од 20 гости истовремено (член 54 став 3).

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата од ставот 1 на овој член на физичкото лице ќе се изрече и санкција привремена забрана за вршење на угостителска дејност во траење од 15 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место на физичко лице.”

Член 29

Членовите 74 и 75 се бришат.

Член 30

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за угостителската дејност .

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR VEPRIMTARI HOTELIERE

Neni 1

Në Ligjin për veprimtari hoteliere (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 62/2004), pas nenit 5 shtohet nen i ri 5-a si vijon:

“Neni 5-a

Personat fizikë dhe juridikë nga fusha e hotelerisë me qëllim të përparimit të veprimtarisë mund të bashkohen në forma të ndryshme të bashkimit në pajtim me ligjin.”

Neni 2

Neni 7 ndryshon si vijon:

“Hotelieri është i detyruar që përmbushjen e kushteve nga neni 6 paragrafi 1 i këtij ligji dhe fillimin me punë t’ia paraqesë Inspektoratit Shtetëror të Tregut, kryetarit të Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit kryetarit të Komunës në rajonin e Qytetit të Shkupit në bazë të vendit dhe selisë të objektit, gjegjësisht në bazë të vendit ku jepen shërbimet, më së paku 15 ditë para fillimit me punë të objektit hotelier.

Hotelieri është i detyruar t’ia paraqesë edhe ndryshimin e kushteve nga neni 6 paragrafi 1 i këtij ligji Inspektoratit Shtetëror të Tregut, kryetarit të Komunës , ndërsa nëQytetin e Shkupit, kryetarit të Komunës në rajonin e qytetit të Shkupit në bazë të vendit dhe selisë të objektit, gjegjësisht në bazë të vendit ku jepen shërbimet, në afat prej 15 ditëve nga ndryshimet e bëra.

Ministri i Ekonomisë e rregullon formën dhe përmbajtjen e formularit të fletëparaqitjes nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni.’’

Neni 3

Në nenin 8, paragrafi 1 fshihet.

Paragrafi 2 bëhet paragraf 1.

Në paragrafin 3 i cili bëhet paragraf 2 fjalët në fund të fjalisë: “paragrafi 2 i këtij neni” zëvendësohen me fjalët: “paragrafi 1 i këtij neni.’’

Neni 4

Në nenin 10 fjalët: “paragrafi 2” zëvendësohen me fjalët: “paragrafi 1”.

Neni 5

Në nenin 12, në paragrafin 3 fjalët: “(tarraca dhe kopshte verore)” fshihen.

Neni 6

Nenet 13 dhe 14 fshihen.

Neni 7

Në nenin 15 pas fjalës “pije” presja zëvendësohet me pikë dhe fjalët deri në fund të fjalisë fshihen.

Neni 8

Në nenin 22, paragrafi 1 ndryshon si vijon:

“Licenca nga neni 20 lëshohet në afat prej tetë ditëve nga dita e dorëzimit të kërkesës nga ana e kryerësit të veprimtarisë hoteliere dhe vlen për periudhë njëvjeçare.’’

Pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri 2, si vijon:

“Nëse organi kompetent nuk jep licence në afat nga paragrafi 1 të ketij neni, do të llogaritet se është përgjegjur pozitivisht sipas kërkesës.”

Paragrafi 2 bëhet paragrafi 3.

Neni 9

Në nenin 23 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

“Me përjashtim të dispozitave nga paragrafi 1 pikat 2, 3 dhe 4 të këtij neni, objektet hoteliere për ushqim të shpejtë (dyqan sandviçësh) mund të punojnë deri në orën 01.00 në periudhën e dimrit, gjegjësisht deri në orën 02.00 në periudhën e verës, ndërsa në ditët e premte dhe e shtunë, në prag të ditëve të festave dhe gjatë ditëve të festave deri në orën 05.00.’’

Paragrafi 2 bëhet paragrafi 3.

Neni 10

Në nenin 28 paragrafi 2 ndryshon si vijon:

“Komisionet nga paragrafi 1 i këtij neni i formon ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët në fushën e hotelerisë prej një përfaqësuesi nga organi i administratës shtetërore kompetent për punët në fushën e hotelerisë, përfaqësues i organit të administratës shtetërore kompetent nga fusha e shëndetësisë, përfaqësues i organit të administratës shtetërore kompetent për punët nga fusha e Punës dhe politikës sociale, përfaqësues nga vetadministrimi lokal në rajonin e të cilit bëhet kategorizimi dhe përfaqësues i ekonomisë hoteliere.’’

Pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

“Nëse komisionet nuk marrin aktvendim në afatin nga paragrafi 4 i këtij neni do të llogaritet se është përgjigjur pozitivisht sipas kërkesës.”

Paragrafi 5 bëhet paragrafi 6.

Neni 11

Në nenin 35, pika 4 ndryshon si vijon:

“4) të përmbahet në çmimet e theksuara:’’

Pas pikës 4 shtohen tri pika të reja 5, 6 dhe 7 si vijojnë:

“5) të posedojnë dokumente për prodhimet furnizuara (fatura, llogari, fletëdalje dhe të ngjashme);

6) për çdo shërbim të dhënë të jepet llogari me specifikat e shërbimeve nga arka fiskale;

7) në vend të dukshëm në hyrje të objektit hotelier ta theksojë llojin e kartelave pagesore të cilat mund të shfrytëzohen;’’.

Pikat 5, 6 dhe 7 bëhen pika 8, 9 dhe 10.
Pikat 8 dhe 10 shlyhen.
Pika 9 bëhet pikë 11.
Pikat 11,12 dhe 13 bëhen pika 12, 13 dhe 14 .

Neni 12

Në nenin 38 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

“Në objektet hoteliere për ushqim të shpejtë (dyqan sandviçësh) është e ndaluar shitja dhe shërbimi i pijeve alkoolike, si dhe të lëshojnë muzikë pas orës 24.00.”

Neni 13

Në nenin 41 paragrafi 5 shlyhet.

Neni 14

Në nenin 46 pikën 1 në fund të fjalisë, pikëpresja zëvendësohen me presje dhe shtohen fjalët: "me ç'rast në një objekt me çati të përbashkët mund të lëshohet vetëm një leje".

Neni 15

Neni 57 ndryshon si vijon:

“Mbikëqyrja inspektuese mbi zbatimin e dispozitave të këtij ligji e kryejnë Inspektorati Shtetëror i Tregut dhe organet e tjera inspektuese në pajtim me autorizimet e përcaktuara me këtë ligj ose me ligj tjetër.’’

Neni 16

Në nenin 59 paragrafin 1, pas pikës 1 shtohet pika 2 si vijon:

“2) kryen veprimtari hoteliere jashtë objektit afarist të në hapësirë të dedikuar, rregulluar dhe pajisur për ofrimin e shërbimeve hoteliere pa lejen e lëshuar nga kryetari i Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit nga kryetari i qytetit të Shkupit për shfrytëzimin e hapësirës (neni 12 paragrafi 3);”.

Pikat 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 dhe 10 bëhen pika 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 dhe 11.

Neni 17

Në nenin 61 paragrafin 1 pikën 2 pas fjalës “ekonomike” vihet presje dhe shtohet fjala “juridike”.

Neni 18

Neni 64 ndryshohet si vijon:

“Nëse inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes vërteton se hotelieri:

1) nuk i përmbahet çmimeve të theksuara (neni 35 paragrafi 1 pika 4);

2) nuk posedon dokumente për prodhimet e furnizuara (fatura, llogari, fletëdalje dhe të ngjashme) (neni 35 paragrafi 1 pika 5) dhe

3) për secilin shërbim të dhënë nuk lëshon llogari me specifikim të shërbimeve nga arka fiskale (neni 35 paragrafi 1 pika 6), menjëherë jep urdhër me gojë me të cilin i ndalohet kryerja e veprimtarisë hoteliere, do ta mbyllë objektin edhe atë do ta konstatoj në procesverbal.

Në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori, në afat prej 3 ditëve do të marrë vendim për ndalimin e kryerjes së veprimtarisë hoteliere në kohëzgjatje prej 60 ditëve si dhe në vend të dukshëm do ta shpallë arsyen për mbylljen e objektit.

Në qoftë se hotelieri gjatë vitit kryen veprime për të cilat është shqiptuar masa nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori do të marrë vendim për ndalim të kryerjes së veprimtarisë hoteliere në kohëzgjatje prej 90 ditëve dhe do ta mbyllë objektin hotelier.

Kundër vendimit nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni mund t’i parashtrohet ankesë ministrit i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore në fushën e hotelerisë.

Ankesa e paraqitur kundër vendimit nga paragrafi 3 i këtij neni, nuk e shtyn zbatimin e tij."

Neni 19

Neni 65 ndryshon si vijon:

“Nëse inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes konstaton se hotelieri:

1) nuk ka dëshmi se përmbushja e kushteve nga neni 6 paragrafi 1 i këtij ligji dhe fillimi me punë i është paraqitur Inspektoratit Shtetëror të Tregut, kryetarit të Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit kryetarit të Komunës në rajonin e qytetit të Shkupit sipas vendit dhe selisë së objektit, gjegjësisht sipas vendit ku jepen shërbimet, së paku 15 ditë para fillimit me punë të objektit hotelier (neni 7 paragrafi 1);

2) nuk ka dëshmi se i është paraqitur ndryshimi i kushteve nga neni 6 paragrafi 1 i këtij neni Inspektoratit Shtetëror të Tregut, kryetarit të Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit kryetarit të Komunës në rajonin e qytetit të Shkupit sipas vendit dhe selisë së objektit, gjegjësisht sipas vendit ku jepen shërbimet, në afat prej 15 ditësh nga dita e ndryshimeve të krijuara (neni 7 paragrafi 2);

3) kryen veprimtari hoteliere jashtë objektit afarist në hapësirën e dedikuar, të rregulluar dhe të pajisur për dhënien e shërbimeve hoteliere pa pëlqim të lëshuar nga kryetari i Komunës, ndërsa në Qytetin e Shkupit, nga kryetari i Qytetit të Shkupit për shfrytëzimin e hapësirës (neni 12 paragrafi 3);

4) nuk i përmbahen orarit të përcaktuar të punës (neni 26 paragrafi 2);

5) në vend të dukshëm në hyrje të objektit hotelier nuk e shënon llojin e kartelave pagesore të cilat mund të shfrytëzohen (neni 35 paragrafi 1 pika 7) ;

6) nuk siguron hapësirë të posaçme e shënuar për duhanpirës (neni 36 paragrafi 2);

7) në objektet hoteliere ofron shërbim me pije alkoolike për persona nën moshën 18 vjeçe dhe kryen shërbimet e pijeve alkoolike nga ana e personave adoleshentë (neni 37 paragrafi 1);

8) në objektet hoteliere shërben pije alkoolike nga fillimi i kohës së punës prej orës 07,00 deri në orën 10,00 (neni 38 paragrafi 1); dhe

9) në objektet hoteliere për ushqim të shpejtë (dyqan sandviçësh) bën shitje dhe shërbim të pijeve alkoolike dhe lëshojnë muzikë pas orës 24.00 (neni 38 paragrafi 2), menjëherë jep urdhër me gojë, me të cilin i ndalohet kryerja e veprimtarisë hoteliere, do ta mbyllë objektin dhe atë do ta konstatojë në procesverbal.

Në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori në afat prej 3 ditësh do të marrë vendim për ndalim të kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej 30 ditësh dhe do ta mbyllë objektin hotelier duke e theksuar në vend të dukshëm arsyen për mbylljen e tij.

Në qoftë se hotelieri në vitin rrjedhës kryen veprime për të cilat është shqiptuar masa nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori do të marrë vendim për ndalim të kryerjes së veprimtarisë hoteliere në kohëzgjatje prej 60 ditësh dhe do ta mbyllë objektin hotelier.

Kundër vendimit nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni mund t’i parashtrohet ankesë ministrit i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për punët nga fusha e hotelerisë.

Ankesa e parashtruar kundër vendimit nga paragrafi 3 i këtij neni nuk e shtyn kryerjen e tij.”

Neni 20

Neni 66 ndryshon si vijon:

“Nëse inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes konstaton se:

1) veprimtaria hoteliere kryhen pa regjistrimin në regjistrin tregtar (neni 4 paragrafi 1);

2) veprimtaria hoteliere kryhet pa qenë të plotësuara kushtet e përcaktuara minimale–teknike, kushtet sanitare–higjienike dhe kushtet shëndetësore, kushtet për mbrojtje gjatë punës, mbrojtjen dhe përparimin e mjedisit jetësor, mbrojtjen kundër zjarrit dhe kushtet për mbrojtje nga zhurma (neni 6 paragrafi 1 dhe 2);

3) veprimtaria hoteliere kryhet në objektet afariste ose hapësirat ku kryhet veprimtari tjetër, pa u plotësuar kushtet e përcaktuara për kryerje të veprimtarisë tjetër (neni 12 paragrafi 2);

4) veprimtaria hoteliere kryhet në objekte hoteliere, bar nate, kabare dhe disko klub pa licencë (neni 20 paragrafi 1);

5) hotelieri lejon hyrjen e personave të moshës nën 18 vjeçe (neni 35 paragrafi 1 pika 3), menjëherë jep urdhër me gojë me të cilin i ndalohet kryerja e veprimtarisë hoteliere, do ta mbyllë objektin dhe atë do ta konstatojë në procesverbal.

Në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori në afat prej 3 ditësh do të marrë vendim për ndalim që kryerësi i veprimtarisë hoteliere për kryerjen e veprimtarisë në kohëzgjatje prej 30 ditësh me mbylljen e objekteve hoteliere duke theksuar shkakun për mbylljen e tij.

Nëse hotelieri gjatë vitit rrjedhës bën veprime për të cilat është shqiptuar masa nga paragrafi 1i këtij neni, inspektori do të marrë vendim për ndalim të kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej 60 ditësh dhe do ta mbyllë objektin hotelier.

Kundër vendimit nga paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni mund t’i parashtrohet ankesë ministrit i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për punët nga fusha e hotelerisë.

Ankesa e parashtruar kundër vendimit nga paragrafi 3 i këtij neni nuk e shtyn zbatimin e tij.’’

Neni 21

Neni 67 ndryshon si vijon:

“Nëse inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes konstaton se hotelieri:

1) fillon me punë në objektin hotelier pa marrjen e kategorisë (neni 32 paragrafi 1) dhe

2) nuk ka dëshmi për ndryshimin e bërë të kategorisë së objektit hotelier në kuptim të nenit 33 paragrafin 3 të këtij ligji, menjëherë jep urdhër me gojë, me të cilin i ndalohet kryerja e veprimtarisë hoteliere, do ta mbyllë objektin dhe atë do ta konstatojë në procesverbal.

Në rastet nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori, në afat prej tre ditësh do të marrë vendim për ndalim të kryerjes së veprimtarisë në afat prej 15 ditësh dhe do të mbyllet objekti hotelier duke theksuar në vend të dukshëm arsyen për mbylljen e tij.

Kundër vendimit nga paragrafi 1 i këtij neni mund t’i paraqitet ankesë ministrit i cili udhëheq me organin administratës shtetërore, kompetent për punët nga fusha e hotelerisë.

Ankesa e paraqitur kundër aktvendimit nga paragrafi 2 i këtij neni nuk e shtyn zbatimin e tij.

Neni 22

Titulli i Kreut VIII. DISPOZITAT NDËSHKIMORE ndryshojnë si vijojnë:

“VIII. DISPOZITA PËR KUNDËRVAJTJE” dhe shtohet nen i ri 67-a, si vijon:

"Neni 67-a

Për kundërvajtjet të përcaktuara në nenet 69, 70, 72 dhe 73 të këtij ligji, procedurë për kundërvajtje mban dhe sanksion për kundërvajtje shqipton Inspektorati Shtetëror i Tregut (në tekstin e mëtejmë: organi për kundërvajtje).

Procedura për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni para organit për kundërvajtje e mban Komisioni për vendimmarrje për kundërvajtjet (në tekstin e mëtejmë:Komision për kundërvajtje), i përbërë prej personave zyrtarë, të autorizuar nga ana e ministrit i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për punët nga fusha e hotelerisë.

Inspektori Shtetëror i Tregut është i detyruar që kryerësit të kundërvajtjes t’i ofrojë procedurë për barazim, para se të dorëzojë kërkesë për kryerje të veprimit për kundërvajtje, në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.’’

Neni 23

Neni 68 ndryshon si vijon:

“Gjobë në vlerë prej 2.000 deri në 4.000 euro në kundërvlerë të denarit do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:

1) kryhen veprimtari hoteliere në objektet hoteliere: bar nate, kabare dhe disko klub pa licencë (neni 20 paragrafi 1);

2) e cedon licencën (neni 22 paragrafi 2);

3) nuk i përmbahet orarit të përcaktuar të punës (neni 26 paragrafi 2);

4) nuk u përmbahet çmimeve të theksuara (neni 35 paragrafi 1 pika 4);

5) nuk posedohen dokumente për produktet e furnizuara (faturë, llogari, fletëhyrje dhe të ngjashme (neni 35 paragrafi 1 pika 5);

6) për secilin shërbim të ofruar, nuk jep llogari me specifikim të shërbimeve nga arka fiskale (neni 35 paragrafi 1 pika 6);

7) nuk i jep shërbimet hoteliere të përfshira në pakon e aranzhmaneve turistike në objektin hotelier për vendosje nëpërmjet organizatorëve të udhëtimit ose ndërmjetësuesit, përkatësisht agjencive turistike (neni 35 paragrafi 1 pika 11) dhe

8) shërben alkool dhe pije alkoolike për persona nën 18 vjeç (neni 37 paragrafi 1).

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, krahas gjobës për personin juridik do t’i shqiptohet edhe sanksioni ndalim për kryerjen e veprimtarisë hoteliere në afat prej një viti deri në tre vjet.

Gjobë në vlerë prej 500 deri në 1.000 euro në kundërvlerë të denarit do t’i shqiptohet për kundërvajtje edhe personit përgjegjës te personi juridik.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, mund të shqiptohet gjobë në vlerë prej 800 euro në kundërvlerë të denarit në vend të ngjarjes personit juridik.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, mund të shqiptohet gjobë në vlerë prej 500 euro në kundërvlerë të denarit aty për aty edhe personit përgjegjës te personi juridik.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, krahas gjobës nga paragrafi 3 i këtij neni personit përgjegjës te personi juridik do t'i shqiptohet sanksion kundërvajtës ndalim për ushtrim të profesionit, të veprimtarisë ose detyrës në afat prej një viti deri në tre vjet.’’

Neni 24

Neni 69 ndryshon si vijon:

“Gjobë në shumë prej 1.500 euro në kundërvlerë të denarit do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik nëse:

1) nuk i plotëson kushtet minimale-teknike dhe kushtet e tjera të përcaktuara me ligji (neni 6 paragrafi 1);

2) nuk ia paraqet përmbushjen e kushteve nga neni 6 paragrafi 1 i këtij ligji dhe fillimin me punë Inspektoratit Shtetëror të Tregut, kryetarit të Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit kryetarit të Komunës në rajonin e qytetit të Shkupit sipas vendit dhe selisë së objektit, gjegjësisht sipas vendit ku jepen shërbimet, së paku 15 ditë para fillimit me punë të objektit hotelier (neni 7, paragrafi 1);

3) nuk ia paraqet ndryshimin e kushteve nga neni 6 paragrafi 1 i këtij ligji Inspektoratit Shtetëror të Tregut, kryetarit të Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit kryetarit të Komunës në rajonin e qytetit të Shkupit sipas vendit dhe selisë së objektit, gjegjësisht sipas vendit ku jepen shërbimet në afat prej 15 ditësh nga ndryshimi i bërë (neni 7 paragrafi 2);

4) veprimtaria hoteliere kryhet në objektin ose hapësirën ku kryhet veprimtari tjetër pa qenë të plotësuara kushtet e përcaktuara për kryerjen e veprimtarisë hoteliere (neni 12 paragrafi 2);

5) veprimtaria hoteliere kryhet jashtë objektit afarist në hapësirën e dedikuar, të rregulluar dhe të pajisur për dhënien e shërbimeve hoteliere pa pëlqim të lëshuar nga kryetari i Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit nga kryetari i qytetit të Shkupit për shfrytëzimin e hapësirës (neni 12 paragrafi 3);

6) fillon me kryerjen e veprimtarisë para se të marrë aktvendimin për kategorinë e objektit hotelier (neni 32 paragrafi 1);

7) nuk i përcakton normativat për ushqime dhe pije të cilat i shërben dhe nuk u mundëson shfrytëzuesve shikim në ato normativa (neni 35 paragrafi 1 pika 7);

8) nuk i verifikon normativat për ushqim te kryetari i Komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit te kryetari i Komunës në rajonin e e komunës të qytetit të Shkupit dhe shërbimet hoteliere nuk ijep në sasi dhe kualitetit përkatëse sipas normave të përcaktuara (neni 35 paragrafi 1 pika 8);

9) nuk mban libër të mysafirëve në objektin hotelier për vendosje (neni 35 paragrafi 1 pika 9);

10 ) kryen kamping në kampe të paorganizuara (neni 42 paragrafi 2);

11) vendoset tenda, kamp shtëpiza, kamp rimorkio dhe pajisje tjetër për kamping jashtë kampit (neni 43) dhe

12) kampingu i përkohshëm kryhet në truall i cili nuk është i përcaktuar nga Këshilli i komunës, ndërsa në qytetin e Shkupit nga Këshilli i qytetit të Shkupit (neni 44 paragrafi 2).

Për veprimet nga paragrafi 1 pika e këtij neni, krahas gjobës personit juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion ndalim i përkohshëm për kryerjen e veprimtarisë hoteliere në kohëzgjatje prej 15 ditësh.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni do t'i shqiptohet gjobë për kundërvajtje personit përgjegjës te personi juridik në shumë prej 500 euro në kundërvlerë të denarit.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni mund të shqiptohet gjobë në shumë prej 500 euro në kundërvlerë të denarit aty për aty personit juridik.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni mund të shqiptohet gjobë në shumë prej 300 euro në kundërvlerë të denarit në vendin e ngjarjes edhe personit përgjegjës te personi juridik.''

Neni 25

Neni 70 ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 1.000 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:

1) nuk ka dëshmi për ndryshimin e kryer të kategorisë për objektin hotelier (neni 33 paragrafi 3);

2) nuk i mirëmban hapësirat dhe pajisjet dhe nuk jep shërbime në objektin hotelier sipas kushteve të përcaktuara minimale–teknike, si dhe kushtet e kategorizimit për llojet e objekteve për të cilat është e paraparë kategorizimi (neni 35 paragrafi 1 pika 1);

3) në objektet nga neni 41 paragrafi 3 i këtij ligji krahas ushqimit në gjendje të konfeksionuar shërbehen edhe ushqime të tjera;

4) organizon dhe kryhet kamping në kundërshtim me nenin 42 paragrafët 1 dhe 2 të këtij ligji;

5) kampi nuk ka rend shtëpiak të vërtetuar (neni 45 paragrafi 1);

6) në hyrje të kampit ose në vend tjetër përkatës për të, nuk paraqet plan–skemën e kampit, nuk paraqet çmimet për shfrytëzimin e hapësirës për kamping, kategorinë e kampit si dhe shërbimet e tjera me të cilat i ofron kampi (neni 45 paragrafi 2);

7) nuk e thekson orarin e punës në hyrje të objektit dhe në vend të dukshëm në objekt (neni 26 paragrafi 1);

8) nuk thekson në vend të dukshëm shenjën e përcaktuar të llojit dhe kategorisë të objektit hotelier (neni 32 paragrafi 2);

9) nuk i thekson çmimet në pajtim me nenin 35 paragrafin 1 pika 2 e këtij ligji;

10) nuk thekson në vend të dukshëm në hyrje të objektit hotelier - bar nate dhe kabare, tabelë me dimensione 20x50 cm me përmbajtje: "personat me moshë nën 18 vjeçe nuk kanë të drejtë hyrjeje" (neni 35 paragrafi 1 pika 3);

11) nuk e rregullon dhe thekson rendin shtëpiak në të gjitha objektet për vendosje (neni 35 paragrafi 1 pika 10);

12) në vend të dukshëm në objektin hotelier ose në menynë nuk e shënon numrin telefonik të Inspektoratit Shtetëror të Tregut (neni 35 paragrafi 1 pika 12);

13) në të gjitha materialet propaganduese nuk i shënon llojin dhe kategorinë e objektit (neni 35 paragrafi pika 13);

14) nuk thekson në vend të dukshëm në objektin hotelier mbishkrim me përmbajtje: "personat me moshë nën 18 vjeç nuk shërbehen me pije alkoolike" (neni 37 paragrafi 2);

15) shërben pije alkoolike prej orës 07.00 deri në orën 10.00 (neni 38 paragrafi 1);

16) shet dhe shërben pije alkoolike dhe lëshon muzikë pas orës 24.00 (neni 38 paragrafi 2) dhe

17) në vend të dukshëm në hyrje të objektit hotelier nuk e thekson llojin e kartelave pagesore të cilat mund të shfrytëzohen (neni 35 paragrafi 1 pika 7).

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, do t'i shqiptohet gjobë për kundërvajtje personit përgjegjës te personi juridik në shumë prej 400 euro në kundërvlerë të denarit.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni mund të shqiptohet gjobë në vlerë prej 400 euro në kundërvlerë të denarit në vendin e ngjarjes edhe personit juridik.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni mund të shqiptohet gjobë në vlerë prej 300 euro në kundërvlerë të denarit në vendin e ngjarjes edhe personit përgjegjës.''

Neni 26

Neni 71 fshihet.

Neni 27

Neni 72 ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 700 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtje tregtarit–individ për veprimet nga nenet 69, 70 dhe 71 të këtij ligji.

Krahas gjobës nga paragrafi 1 i këtij neni do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim për kryerjen e veprimtarisë në kohëzgjatje prej së paku tri ditë deri më së shumti 30 ditë.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni mund t'i shqiptohet gjobë në shumë prej 300 euro në kundërvlerë të denarit në vendin e ngjarjes tregtarit–individ.''

Neni 28

Neni 73 ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 400 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik nëse:

1) merr me qira dhoma, apartamente, shtëpi pushimi në kundërshtim me nenin 46 paragrafin 1 pikën 1 të këtij ligji;

2) organizon kamp dhe jep shërbime në kundërshtim me nenin 46 paragrafin 1 pikën 2 të këtij ligji;

3) jep shërbime të ngrënies mëngjes në kundërshtim me nenin 46 paragrafin 1 pikën 3;

4) i jep me qira dhomat, apartamentet, shtëpitë dhe banesat për pushim pa marrëveshje të lidhur me agjenci turistike, byro turistike dhe shoqëri tregtare të regjistruara për kryerjen e veprimtarisë hoteliere (neni 48);

5) në vend të dukshëm nuk e thekson llojin dhe kategorinë e objektit (neni 51 paragrafi 1 pika 1);

6) anëtari i familjes ose personat që u ndihmojnë anëtarëve të familjes nuk i plotësojnë kushtet shëndetësore për punë në hoteleri në kuptim të nenit 52 paragrafit 2 të këtij ligji;

7) jep shërbime në vend ankorimi dhe porte, si dhe kur objekti i lundrimit rrotullohet jashtë vendit të ankorimit dhe portit personave të cilët nuk gjenden në objektin lundrues për shkak të transportit (neni 54 paragrafi 4);

8) shtëpitë, apartamentet dhe dhomat nuk i plotësojnë kushtet teknike–minimale dhe kushtet për kategorizim në kuptim të nenit 6 të këtij ligji (neni 47 paragrafi 1);

9) në vend të dukshëm nuk i thekson emërtimet e shërbimeve të cilat i ofron nga neni 51 paragrafi 1 pika 2 e këtij ligji;

10) nuk mban libër evidence të mysafirëve (neni 51 paragrafi 1 pika 5);

11) në vend të dukshëm në objekt nuk e shënon numrin telefonik të Inspektoratit Shtetëror të Tregut (neni 51 paragrafi 1 pika 6) dhe

12) jep shërbime në objekte lundruese për më shumë se 20 mysafirë njëkohësisht (neni 54 paragrafi 3).

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, krahas gjobës nga paragrafi 1 i këtij neni personit fizik do t'i shqiptohet edhe sanksion ndalim i për kryerjen e veprimtarisëhoteliere në kohëzgjatje prej 15 ditësh.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni mund t'i shqiptohet gjobë në shumë prej 300 euro në kundërvlerë të denarit aty për aty personit fizik.

Neni 29

Nenet 74 dhe 75 fshihen.

Neni 30

Obligohet Komisioni juridiko-ligjdhënës pranë Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të vërtetojë tekstin e spastruar të Ligjit për veprimtari hoteliere.

Neni 31

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë.''

**1673.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јули 2008 година.

Бр. 07-2883/1
14 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичката дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2004), во членот 2 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

"5. "Туристичкиот регион" е географска и функционална просторна површина која опфаќа неколку туристички места со заедничко име чии природни и создадени туристички вредности се основа за формирање самостојна туристичка понуда, а што претставува можност за формирање на туристички аранжмани од страна на туристичките агенции;".

Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат точки 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 .

Член 2

Во членот 3 став 2 зборовите: "од мал обем" се бришат.

Ставот 3 се брише.

Ставот 4 станува став 3.

Член 3

Во членот 6 став 1 зборовите: "Туристички здруженија на спортски" се заменуваат со зборот "Спортски", а по зборот "социјални" се става сврзникот "и" и се додава зборот "образовни".

Член 4

По членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

"Член 7-а

Правните и физичките лица во областа на туризмот со цел за унапредување на дејностите можат да се здружуваат во разни форми на здружување согласно со закон."

Член 5

Во членот 15 точките 2, 3, 6 и 11 се менуваат и гласат:

"2) назнаката "туристичка агенција", патничка агенција и вообичаените изрази какви што се "Tours" и "Travel" и слично во фирмата можат да ги користат туристичките агенции;

3) кога продава пакет аранжмани, да му даде на потрошувачот општи информации во врска со пасошот и визата кои се однесуваат на граѓаните на Република Македонија, а особено во врска со времето потребно за да се добијат, како и за здравствените формалности неопходни за патувањето и престојот;

6) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи, видливо да се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција;

11) за продажба на авиобилети туристичката агенција мора да има вработено лице со ИАТА сертификат;".

По точката 15 се додава нова точка 16, која гласи:

"16) на видно место на влезот на туристичкиот објект да го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат."

Член 6

Во членот 16 став 1 точка 2 зборот "средствата" се заменува со зборот "видовите", а по зборот "категориите" се додаваат зборовите: "на транспортните средства".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Сите услови од договорот пред да бидат ставени во пишана форма во договорот мораат да му бидат соопштени на корисникот."

Ставот 2 станува став 3.

Член 7

Во членот 18 ставови 1, 2 и 3 зборот "брошура" се заменува со зборовите: "патничка програма".

Член 8

Членот 19 се менува и гласи:

"Вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно со прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон."

Член 9

Во членот 23 став 1 зборот "треба" се заменува со зборовите: "е должна", а по зборот "обезбеди" се додаваат зборовите: "и даде".

По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) други опции за склучување полиси за осигурување за да се утврди ценaта на откажување од страна на корисникот или цената за помош во случај на репатријација, несреќа и болест;".

Член 10

По членот 23 се додава нов член 23-а, кој гласи:

"Член 23-а

При продажба на пакет аранжмани, организаторот на патувањето е одговорен пред корисникот за правилно извршување на обврските кои произлегуваат од договорот, без оглед на тоа дали таквите обврски треба да бидат извршени од страна на организаторот или од страна на некој друг давател на услуги.

Во однос на штетата, туристичката агенција не одговара за штета која настанала поради:

- грешки кои се појавуваат при извршувањето на договорот за кои е виновен корисникот,

- грешки кои можат да му се припишат на трето лице кое не е поврзано со договореното вршење услуги и не можеле да бидат предвидени ниту избегнати и

- грешки кои се резултат на виша сила.

Во случаите од ставот 2 алинеи 2 и 3 на овој член организаторот на патувањето ќе биде должен да му обезбеди соодветна помош на засегнатиот корисник."

Член 11

Во членот 27 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Доколку лиценцата не биде издадена во рокот од ставот 1 на овој член се смета дека барањето е позитивно одговорено."

Ставот 2 станува став 3.

Член 12

Членот 31 се менува и гласи:

"За добивање лиценца "А" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да склучи годишен договор со осигурително друштво за осигурување за одговорност од вршење на дејноста во износ од 100.000 евра во денарска противвредност или да обезбеди банкарска гаранција во износ од 100.000 евра;

2) да има позитивен бонитет што се докажува со документ од Централниот регистар на Република Македонија за последните шест месеца пред поднесувањето на барањето, а за ново основаните агенции по истекот на шест месеца од денот на добивањето на лиценцата;

3) лицето кое раководи со туристичката агенција треба да има сертификат за раководење со туристичката агенција;

4) да има најмалку четири вработени лица, од кои две лица со доказ дека активно познаваат еден од светските јазици и

5) да има туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку десет лица, како и туристички водич за посета и разгледување на туристичките места."

Член 13

Членот 32 се менува и гласи:

"За добивање лиценца "Б" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да склучи годишен договор со осигурително друштво за осигурување за одговорност од вршење на дејноста во износ од 50.000 евра во денарска противвредност или да обзбеди банкарска гаранција во износ од 50.000;

2) да има позитивен бонитет што се докажува со документ од Централниот регистар на Република Македонија за последните шест месеци пред поднесувањето на барањето, а за ново основаните агенции по истекот на шест месеца од денот на добивањето на лиценцата;

3) лицето кое раководи со туристичката агенција треба да има сертификат за раководење со туристичката агенција;

4) да има најмалку две вработени лица, од кои едно лица со доказ дека активно познава еден од светските јазици и

5) да има туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку десет лица, како и туристички водич за посета и разгледување на туристичките места."

Член 14

Членот 33 се менува и гласи:

"За добивање лиценца "В" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има вработено лице со доказ дека активно познава еден од светските јазици и

2) да има туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку десет лица, како и туристички водич за посета и разгледување на туристичките места."

Член 15

По членот 33 се додаваат три нови члена 33-а, 33-б и 33-в, кои гласат:

"Член 33-а

За да се стекне со сертификат за раководење со туристичката агенција лицето треба да полага стручен испит пред испитна комисија.

Испитната комисија за полагање на стручен испит за добивање на сертификат за раководење со туристичка агенција, ја формира високообразовната установа за туризам и угостителство.

Стручниот испит за добивање сертификат за раководење со туристичката агенција се полага според утврдена програма.

Програмата за полагање стручен испит за сертификат за раководење со туристичката агенција ја донесува високообразовната установа за туризам и угостителство по претходна согласност на органот на државната управа надележен за работите од областа на образованието и науката.

Програмата од ставот 5 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

По исклучок од ставот 1 на овој член на лицата кои имаат завршено високо образование од областа на туризмот и угостителството, им се издава сертификат за раководење со туристичка агенција без да полагаат стручен испит.

Член 33-б

Трошоците за полагање на стручен испит за добивање сертификат за раководење со туристичката агенција ги намирува кандидатот.

Трошоците од ставот 1 на овој член можат да ги надоместат правните и физичките лица кои се заинтересирани за добивање на лиценца.

Висината на трошоците од ставот 1 на овој член, во зависност од фактичките трошоци за полагање на стручниот испит, ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 33-в

На кандидатот кој го положил стручниот испит, високообразовната институција му издава сертификат.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на сертификатот од ставот 1 на овој член."

Член 16

Во членот 36 точката 14 се менува и гласи:

"14) осигурување на туристичкиот аранжман со гаранција кај осигурително друштво или банкарска гаранција поради надомест на трошоците на корисникот на услуги во следниве случаи ако изостанат услугите, а туристичката агенција се наоѓа во платежна немоќ или стечај и ако корисникот на услуги не може да се врати поради причините наведени во овој став и".

Член 17

Во членот 44 ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

"Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава овластено правно лице во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето.

За да биде овластено правното лице од ставот 3 на овој член треба да има вработено најмалку две лица со високо образование. Правното лице од ставот 3 на овој член го овластува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Доколку овластеното правно лице не ја издаде легитимацијата во рокот од ставот 3 на овој член ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето."

Член 18

Во членот 45 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Својството на туристичкиот придружник се докажува со уверение на положен стручен испит за туристички придружник."

Член 19

По членот 45 се додаваат три нови члена 45-а , 45-б и 45-в, кои гласат:

"Член 45-а

Стручен испит за туристички придружник се полага пред испитна комисија.

Испитната комисија за полагање стручен испит за туристички придружник ја формира високообразовната установа за туризам и угостителство.

Стручниот испит за туристички придружник се полага според утврдена програма.

Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ја донесува високообразовната институција за туризам и угостителство по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието и науката.

Програмата од ставот 4 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија"."

Член 45-б

Трошоците за полагање на стручен испит за туристички придружник ги намирува кандидатот.

Трошоците од ставот 1 на овој член можат да ги надоместат правните и физичките лица кои се заинтересирани за услугите на туристичките придружници .

Висината на трошоците од ставот 1 на овој член, во зависност од фактичките трошоци за полагање на стручниот испит, ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 45-в

На кандидатот кој го положил стручниот испит високообразовната институција му издава уверение.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на уверението од ставот 1 на овој член."

Член 20

Во членот 48 ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

"Легитимацијата од ставот 1 на овој член ја издава овластено правно лице во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето.

За да биде овластено правното лице од ставот 3 на овој член треба да има вработено најмалку две лица со високо образование. Правното лице од ставот 3 на овој член го овластува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Доколку овластеното правно лице не ја издаде легитимацијата во рокот од ставот 3 на овој член ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето."

Член 21

По членот 48 се додава нов член 48-а, кој гласи:

"Член 48-а

Лицата кои работат како туристички водич и туристички придружник се запишуваат во регистар на туристички водичи и туристички придружници.

Регистарот од ставот 1 на овој член го води овластено правно лице од членот 44 на овој закон.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот."

Член 22

Во членот 57 став 1 зборовите: "Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Програма за развој на туризмот".

Ставот 2 се заменува со два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Заради побрз развој на туризмот и формирање поконкурентни цени на туристичките аранжмани, ќе се донесе Упатство за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет што ќе го донесе министерот надлежен за работите од областа на туризмот.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија."

Член 23

Во членот 61 став 1 се додава нова точка 4, која гласи:

"4) врши дејност како туристички придружник без да има положен стручен испит за туристички придружник (член 45-а);".

Точките 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 5, 6 ,7 и 8.

Член 24

Во членот 63 точка 2 по зборот "економска" се става запирка и се додава зборот "правна".

Член 25

Во членот 65 став 1 точките 5 и 11 се менуваат и гласат:

"5) назнаката "туристичка агенција", патничка агенција и вообичаените изрази какви што се "Tours" и "Travel" и слично во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);

11) вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно со прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има климауред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон (член 19);".

Член 26

Во членот 66 став 1 точките 2, 3 и 12 се менуваат и гласат:

"2) кога продава пакет аранжмани не му даде на потрошувачот општи информации во врска со пасошот и визата кои се однесуваат на граѓаните на Република Македонија, а особено во врска со времето потребно за да се добијат, како и за здравствените формалности неопходни за патувањето и престојот (член 15 став 1 точка 3);

3) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи, видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

12) ангажира туристички придружник кој нема најмалку средна стручна подготовка и нема положено стручен испит (членови 47 и 45-а);".

Во точките 8 и 9 зборот "брошура" се заменува со зборовите: "патничка програма".

По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

"10) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 10);".

Точките 10, 11, 12, 13 и 14 стануват точки 11, 12, 13,14 и 15.

Член 27

Насловот на Главата V. "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи:

"V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ" и се додава нов член 66-а, кој гласи:

"Член 66-а

За прекршоците утврдени во членовите 68, 70, 71 и 72 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од службени лица овластени од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно со одредбите од Законот за прекршоците."

Член 28

Членот 67 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став 1);

2) деловницата на туристичката агенција врши активности спротивно на лиценцата што ја поседува туристичката агенција (член 11 став 2);

3) склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства не ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

4) склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот (член 15 став 1 точка 8);

5) не чува како деловна тајна се што знае за корисникот на услугите и без негово одобрение, освен во законски пропишаните услови, ја даде адресата на корисникот на услугата, местото и времето на патувањето, престојот, уплатената цена, како и името на неговиот сопатник (член 15 став 1 точка 9);

6) не се придржува кон утврдените услови во договорите кои ги воспоставува со корисниците на услуги и третото лице како давател на услуги (член 15 став 1 точка 10);

7) вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус, се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно со прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон (член 19);

8) изврши зголемување на цената утврдена во договорот 20 дена пред договорениот ден за започнување за користење на туристичките услуги (член 20);

9) не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членот 21 став 1 точка 2 од овој закон;

10) не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

11) при реализација на туристички аранжман или патување, или престој во странство на малолетните лица не им овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој (член 23 став 2);

12) при реализација на туристичкиот аранжман или патување или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар), договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршено плаќање на сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24) и

13) врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 и 38 на овој закон.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата за правното лице, ќе се изрече и санкција привремена забрана за вршење на туристичка дејност во траење од една до три години.

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.”

Член 29

Членот 68 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

2) не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови (член 8 став 1);

3) не го извести со посебен образец Државниот пазарен инспекторат и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку осум дена пред почетокот на вршењето на дејноста(член 9 став1);

4) деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите од членот 10 став 2 на овој закон;

5) на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

6) назнаката “туристичка агенција”, “патничка агенција” и вообичаените изрази какви што се “Tours“ и “Travel” и слично, во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);

7) на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);

8) не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

9) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);

10) за продажба на авиобилети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат (член 15 став 1 точка 11);

11)на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12);

12) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13 );

13) за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугите (член 15 став1 точка 14);

14) не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1 точка 15);

15) на видно место на влезот на туристичкиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 16);

16) договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16 од овој закон;

17) туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3 од овој закон;

18) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

19) не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29);

20) имателот на лиценца “А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон;

21) имателот на лиценцата “Б” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон;

22) имателот на лиценцата “В” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 33 на овој закон и

23) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56).

За дејствијата од ставот 1 на овој член , покрај глобата за правното лице, ќе се изрече и санкција привремена забрана за вршење на туристичка дејност во траење од 30 дена.

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице .

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за дејствијата од ставот 1 точка 1 на овој член и на физичкото лице.

За дејствието од ставот 1 точка 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место и на физичко лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во обласа на туризмот во траење од три до 15 дена.”

Член 30

Членот 69 се брише.

Член 31

Членот 70 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на туристичката дејност - трговец поединец за дејствијата од членовите 67 и 68 на овој закон.

За дејствијата од членовите 67 став 1 и 68 став 1 на овој закон, покрај глоба ќе се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење туристичка дејност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на самото место и на трговец-поединец.”

Член 32

Во членот 71 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:”.

Во точката 3 по зборовите: “член 40 став 2” се додаваат зборовите: “и членот 45-а став 1”.

Член 33

Членот 72 се менува и гласи:

“За дејствијата од членот 68 став 1 точки 3, 5, 7, 8, 10, 11 и 21 на овој закон овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје може да изрече глоба на самото место, и тоа:

1) за правно лице 400 евра во денарска противвредност;

2) за одговорно лице 300 евра во денарска противвредност и

3) за физичко лице трговец - поединец 200 евра во денарска противвредност.

За дејствијата од членот 71 став 1 точки 1, 3 и 4 на овој закон може да се изрече глоба на самото место во износ од 100 евра.”

Член 34

Вршителите на туристичка дејност се должни да го усогласат своето работење според одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 35

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за туристичката дејност .

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR VEPRIMTARI TURISTIKE

Neni 1

Në Ligjin për veprimtari turistike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/2004) në nenin 2 pas pikës 4, shtohet pika e re 5 si vijon:

"5. "Rajon turistik" është tërësia hapësinore gjeografike dhe funksionale, e cila përfshin disa vende turistike me emërtim të përbashkët, vlerat natyrore dhe vlerat e krijuara turistike të të cilit janë bazë për formimin e ofertës së mëvetësishme turistike, e që paraqet mundësi për formimin e aranzhmaneve turistike nga ana e agjencive turistike;".

Pikat 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 dhe 12 bëhen pika 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 dhe 13.

Neni 2

Në nenin 3, paragrafi 2, fjalët: "me vëllim të vogël" fshihen.

Paragrafi 3 fshihet.

Paragrafi 4 bëhet paragraf 3.

Neni 3

Në nenin 6 paragrafin 1, fjalët: "Shoqatat turistike sportive" zëvendësohen me fjalët: "sportive", ndërsa pas fjalës "sociale" vendoset lidhëza "dhe" dhe shtohet fjala "arsimore".

Neni 4

Pas nenit 7 shtohet nen i ri 7-a, si vijon:

"Neni 7-a

Personat juridikë dhe fizikë në fushën e turizmit, me qëllim të përparimit të veprimtarive, mund të bashkohen në forma të ndryshme të shoqërimit në pajtim me ligjin."

Neni 5

Në nenin 15, pikat 2, 3, 6 dhe 11 ndryshohen si vijon:

"2) emërtimin "agjenci turistike", agjenci udhëtimi dhe shprehjet e zakonshme siç janë "Tours" dhe "Travel" dhe të ngjashme në firmë mund t'i shfrytëzojnë agjencitë turistike;

3) kur shet pako aranzhmanesh, t'i japë konsumatorit informata të përgjithshme në lidhje me pasaportën dhe vizën që kanë të bëjnë me qytetarët e Republikës së Maqedonisë, dhe veçanërisht në lidhje me kohën e nevojshme për t'i marrë, si dhe për formalitetet shëndetësore të domosdoshme për udhëtim dhe qëndrim;

6) në materialet e botuara promovuese, si dhe në të gjitha dokumentet e punës, dukshëm të theksohet firma dhe selia e agjencisë turistike;

11) për shitjen e aviobiletave, agjencia turistike detyrimisht duhet të ketë të punësuar person me certifikatë IATA;"

Pas pikës 15 shtohet pika e re 16 si vijon:

"16) në vend të dukshëm, në hyrje të objektit turistik ta theksojë llojin e kartelave pagesore të cilat mund të shfrytëzohen."

Neni 6

Në nenin 16 paragrafin 1 pikën 2, fjala "mjetet" zëvendësohet me fjalën "llojet", ndërsa pas fjalës "kategoritë" shtohen fjalët: "mjeteve transportuese".

Pas paragrafit 1 shtohet paragrafi i ri 2 si vijon:

"Të gjitha kushtet e marrëveshjes doemos duhet t'i bëhen të ditura shfrytëzuesit para se të jepen në formë të shkruar në marrëveshje."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 7

Në nenin 18, në paragrafët 1, 2 dhe 3 fjala "broshurë" zëvendësohet me fjalët: "program udhëtimi".

Neni 8

Neni 19 ndryshohet si vijon:

"Kryerësit e veprimtarisë turistike gjatë organizimit të udhëtimeve turistike jashtë vendit me autobusë janë të detyruar të sigurojnë që mjeti i transportit t'i plotësojë kushtet në pajtim me rregullat nga fusha e transportit publik rrugor dhe të ketë kondicionerë, frigorifer ftohës, tualet dhe mikrofon me altoparlant."

Neni 9

Në nenin 23, paragrafin 1, fjala "duhet" zëvendësohet me fjalën "detyrohet", ndërsa pas fjalës "siguron" shtohen fjalët: "i jep".

Pas pikës 2 shtohet pika e re 3 si vijon:

"3) opsionet tjera për kontraktimin e policave siguruese për t'u vërtetuar çmimi i anulimit nga ana e shfrytëzuesit ose çmimi për ndihmë në rast të riatdhesimit, fatkeqësisë dhe sëmundjes;".

Neni 10

Pas nenit 23 shtohet neni i ri 23-a si vijon:

"Neni 23-a

Gjatë shitjes së pako aranzhmaneve, organizatori i udhëtimit është përgjegjës para shfrytëzuesit për kryerje të rregullt të obligimeve që dalin nga marrëveshja, pa marrë parasysh nëse obligimet e tilla duhet të kryhen nga ana e organizatorit apo nga ana e ndonjë ofruesi tjetër të shërbimeve.

Sa i përket dëmit, agjencia turistike nuk përgjigjet për dëm i cili është shkaktuar nga:

- gabimet të cilat paraqiten gjatë zbatimit të marrëveshjes për të cilat është fajtor shfrytëzuesi,
- gabimet të cilat mund t'i përshkruhen personit të tretë, i cili nuk është i lidhur me kryerjen e kontraktuar të shërbimeve dhe nuk janë mundur të parashihen as të mënjanohen dhe
- gabime të cilat janë rezultat i forcave madhore.

Në rastet nga paragrafi 2 alinetë 2 dhe 3 të këtij neni, organizatori i udhëtimit do të jetë i detyruar t'i sigurojë ndihmë përkatëse shfrytëzuesit të prekur."

Neni 11

Në nenin 27, pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Nëse licenca nuk lëshohet në afatin nga paragrafi 1 i këtij neni konsiderohet se kërkesa ka përgjigje pozitive."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 12

Neni 31 ndryshohet si vijon:

"Për marrje të licencës "A" agjencia turistike detyrimisht duhet t'i plotësojë kushtet vijuese:

1) të lidhë marrëveshje vjetore për sigurim me shoqërinë e sigurimeve për përgjegjësi nga kryerja e veprimtarisë në vlerë prej 100.000 eurosh në kundërvlerë të denarit, ose të sigurojë garanci bankare në vlerë prej 100.000 euro;

2) të ketë bonitet pozitiv që dëshmohet me dokument nga Regjistri i Republikës së Maqedonisë për 6 muajt e fundit para dorëzimit të kërkesës, ndërsa për agjencitë e sapothemeluara pas kalimit të 6 muajve nga dita e marrjes së licencës;

3) personi i cili udhëheq me agjenci turistike duhet të posedojë certifikatë për udhëheqje me agjenci turistike;

4) të ketë së paku katër persona të punësuar, nga të cilët dy me dëshmi se e njohin në mënyrë aktive një nga gjuhët botërore dhe

5) të ketë shoqërues turistik gjatë realizimit të çdo udhëtimi në vend dhe jashtë vendit për së paku 10 persona, si dhe ciceron turistik për vizitë dhe vëzhgim të vendeve turistike."

Neni 13

Neni 32 ndryshohet si vijon:

"Për marrjen e licencës "B" agjencia turistike duhet t'i plotësojë kushtet vijuese:

1) të lidhë marrëveshje për sigurim me shoqërinë e sigurimeve për përgjegjësi nga kryerja e veprimtarisë në vlerë prej 50.000 eurosh në kundërvlerë të denarit, ose të sigurojë garanci bankare në vlerë prej 50.000 eurosh;

2) të ketë bonitet pozitiv që dëshmohet me dokument nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë për gjashtë muajt e fundit para dorëzimit të kërkesës, ndërsa për agjencitë e sapothemeluara pas kalimit të gjashtë muajve nga dita e marrjes së licencës;

3) personi që udhëheq me agjenci turistike duhet të ketë certifikatë për udhëheqje me agjenci turistike;

4) të ketë së paku dy persona të punësuar, nga të cilët njëri person me dëshmi se në mënyrë aktive njeh një nga gjuhët botërore dhe

5) të ketë shoqërues turistik gjatë realizimit të çdo udhëtimi në vend dhe jashtë vendit për së paku 10 persona, si dhe ciceron turistik për vizitë dhe vëzhgim të vendeve turistike."

Neni 14

Neni 33 ndryshohet si vijon:

"Për marrje të licencës "V" agjencia turistike duhet t'i plotësojë kushtet në vijim:

1) të ketë të punësuar person me dëshmi se në mënyrë aktive njeh një nga gjuhët botërore dhe

2) të ketë shoqërues turistik gjatë realizimit të çdo udhëtimi në vend dhe jashtë vendit për së paku 10 persona, si dhe ciceron turistik për vizitë dhe vëzhgim të vendeve turistike."

Neni 15

Në nenin 33 shtohen tre nene të reja 33-a, 33-b dhe 33-v si vijon:

"Neni 33-a

Për t'u pajisur me certifikatë për udhëheqje me agjenci turistike, personi duhet të japë provim profesional para komisionit pyetës.

Komisionin për dhënie të provimit profesional për marrje të certifikatës për udhëheqje me agjenci turistike, e formon institucioni më i lartë arsimor për turizëm dhe hotelieri.

Provimi profesional për marrje të certifikatës për udhëheqje me agjenci turistike jepet sipas programit të caktuar.

Programin për dhënie të provimit profesional për marrje të certifikatës për udhëheqje me agjenci turistike e miraton institucioni i lartë arsimor për turizëm dhe hotelieri pas pëlqimit paraprak të organit të administratës shtetërore, kompetent për punët nga fusha e arsimit dhe shkencës.

Programi nga paragrafi 5 i këtij neni shpallet në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

Me përjashtim nga paragrafi 1 i këtij neni, personave të cilët kanë të kryer arsim të lartë nga fusha e turizmit dhe hotelerisë, u jepet certifikatë për udhëheqje me agjenci turistike pa e dhënë provimin profesional.

Neni 33-b

Harxhimet për dhënie të provimit profesional për marrje të certifikatës për udhëheqje me agjenci turistike i bart kandidati.

Harxhimet nga paragrafi 1 i këtij neni, mund t'i kompensojnë personat juridikë dhe fizikë, të cilët janë të interesuar për marrje të licencës.

Shumën e harxhimeve nga paragrafi 1 i këtij neni varësisht nga harxhimet faktike për dhënie të provimit profesional e cakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të ministrit i cili udhëheq me drejtorinë shtetërore kompetente për punët nga fusha e turizmit.

Neni 33-v

Kandidatit, i cili e ka dhënë provimin profesional, instituti për arsim të lartë i jep certifikatë.

Ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për punët nga fusha e turizmit, e përcakton formën dhe përmbajtjen e formularit të certifikatës nga paragrafi 1 i këtij neni."

Neni 16

Në nenin 36 pika 14 ndryshohet si vijon:

"14) sigurimi i aranzhmanit turistik me garanci në shoqërinë e sigurimeve ose garanci bankare për shkak të kompensimit të harxhimeve të shfrytëzuesit të shërbimeve në rastet vijuese: nëse shërbimet janë lënë pas dore, ndërsa agjencia turistike gjendet në paaftësi pagese ose në falimentim dhe nëse shfrytëzuesi i shërbimeve nuk mund të kthehet për shkaqet e theksuara në këtë paragraf dhe".

Neni 17

Në nenin 44 paragrafët 3 dhe 4 ndryshojnë si vijon:

"Legjitimacionin nga paragrafi 1 i këtij neni, e jep personi i autorizuar juridik në afat prej 8 ditësh nga dita e dorëzimit të kërkesës.

Që të jetë i autorizuar personi juridik nga paragrafi 3 i këtij neni, duhet të ketë të punësuar së paku dy persona me arsimim të lartë. Personin juridik nga paragrafi 3 i këtij neni e autorizon Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të ministrit i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për punët nga fusha e turizmit".

Pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

"Nëse personi i autorizuar juridik nuk e lëshon legjitimacionin në afatin nga paragrafi 3 i këtij neni do të konsiderohet se i është përgjigjur pozitivisht kërkesës."

Neni 18

Në nenin 45 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Cilësia e shoqëruesit turistik dëshmohet me certifikatë për dhënie të provimit profesional për shoqërues turistik."

Neni 19

"Personit përgjegjës në personi juridik për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni, do t'i kumtohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim për kryerjen e detyrës në kohëzgjatje prej një deri më pesë vjet."

Paragrafi 5, ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 600 deri më 1 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni edhe personit fizik."

Neni 3

Në nenin 44 paragrafin 1 fjalia hyrëse ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 2 500 deri në 4 000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:".

Paragrafi 2 ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 600 deri në 1 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik."

Paragrafi 3, ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 600 deri në 1 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) pikat 1, 2, 3 dhe 4 të këtij neni edhe personit fizik."

Neni 4

Pas nenit 45 shtohet neni i ri 45-a, si vijon:

"Neni 45-a

Procedurë për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj mban gjykata kompetente.

Para paraqitjes së kërkesës për procedurë për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave mban procedurë për barazim në përputhje me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1679.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на земјоделска дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2008 година.

Бр. 07-2899/1
15 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за вршење земјоделска дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 11/2002), во Главата IV насловот се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

Член 2

Во членот 48 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни за прекршок од 3.000 до 10.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба од 600 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок и на".

Член 3

Во членот 49 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 2 зборовите: "паричната казна" се заменуваат со зборовите: "изречената глоба", а зборовите: "мерка за безбедност" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција привремена".

Во ставот 3 зборовите: "паричната казна" се заменуваат со зборовите: "изречената глоба", а зборовите: "заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција привремена".

Член 4

Во членот 50 зборовите: "Со парична казна од 8.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Член 5

По членот 50 се додава нов член 50-а, кој гласи:

"Член 50-а

Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци предвидено во овој закон, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË BUJQËSORE**

Neni 1

Në Ligjin për kryerjen e veprimtarisë bujqësore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 11/2002) në Kreun IV titulli ndryshon si vijon: "DISPOZITA PËR KUNDËRVAJTJE".

Neni 2

Në nenin 48 paragrafin 1 fjalia hyrëse ndryshon si vijon:

"Gjobë në shumë prej 1.000 deri në 5.000 euro me kundërvlerë në denarë për kundërvajtje do t'i kumtohet".

Në paragrafin 2 fjalët: "do të dënohet për kundërvajtje prej 3.000 deri në 10.000 denarë edhe" zëvendësohen me fjalët: "do t'i kumtohet gjobë prej 600 deri në 1.500 euro me kundërvlerë në denarë për kundërvajtje edhe".

Neni 3

Në nenin 49 paragrafin 1 fjalia hyrëse ndryshon si vijon:

"Gjobë prej 600 deri në 1.000 euro me kundërvlerë në denarë për kundërvajtje do t'i kumtohet".

Në paragrafin 2 fjalët: "dënimit me para", zëvendësohen me fjalët: "gjobës së kumtuar", kurse fjalët: "masë sigurie" zëvendësohen me fjalët: "sanksion i përkohshëm për kundërvajtje".

Në paragrafin 3 fjalët: "dënimit me para", zëvendësohen me fjalët: "gjobës së kumtuar", kurse fjalët: "masë mbrojtëse" zëvendësohen me fjalët: "sanksion i përkohshëm për kundërvajtje".

Neni 4

Në nenin 50 fjalët: "Me dënim me para prej 8.000 deri në 30.000 denarë do të dënohet për kundërvajtje" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë prej 600 deri në 1.000 euro me kundërvlerë në denarë për kundërvajtje do t'i kumtohet ".

Neni 5

Pas nenit 50 shtohet neni i ri 50-a, si vijon:

"Neni 50-a

Procedurë për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj mban gjykata kompetente.

Para paraqitjes së kërkesës për procedurë për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë Ujërave mban procedurë për barazim në përputhje me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë."

---

**1680.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2008 година.

Бр. 07-2900/1
15 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА**

Член 1

Во Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 37/2002), во членот 2 став 2 зборот "шест" се заменува со зборот "осум".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**LIGJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR BOTIMIN E FLETOBLIGACIOVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË PËR DENACIONALIZIM**

Neni 1

Në Ligjin për botimin e fletobligacioneve të Republikës së Maqedonisë për denacionalizim ("Gazeta zyrtare në Republikën e Maqedonisë" numër 37/2002), në nenin 2 paragrafin 2 fjala "gjashtë" zëvendësohet me fjalën "tetë".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1681.**

Врз основа на член 45, став 2, алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04 и 67/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.06.2008 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПО ОПШТИНИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа уредба се пропишува Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на наменските дотации за средното образование по општини за 2009 година.

Член 2

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во раздел 160.01, Програма А2 - пренесување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа, ќе се врши финансирање на дејноста средно образование.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа уредба наменски се распределуваат на општините на кои им се пренесени основачките права на средните училишта согласно Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07).

Член 4

Критериумите за распределба на наменските дотации во средното образование по општини се: основна сума општина, бројот на ученици во општината и број на ученици во гимназиско образование.

Член 5

Распределба на средствата од наменската дотација за средно образование е според формулата:

НДСо = О + ПУо x С

ПУо = Уо + (Уг x Кг)

НСДо - Наменска дотација за средно образование за општина

О - Основна сума по општина

Уо- Вкупен број на ученици во општина

ПУо - Пондерирани ученици во општината

С - Стандард (износ) по ученик

Уг - Ученици во гимназиско образование

Кг - Коефициент (пондер) за гимназиско образование (0,5).

Член 6

Средствата определени како наменски дотации се користат за работа на средните училишта и тоа за: стоки и други услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, алат и ситен инвентар, средства за одржување хигиена, тековно одржување, други договорни услуги и други оперативни расходи).

Член 7

Средствата за наменски дотации за средните училишта ќе се насочуваат по општини од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за образование и наука, квартално или по динамика во договор со Министерството за финансии.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Бр. 19-3144/1
24 јуни 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**1682.**

Врз основа на член 45, став 2, алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04 и 67/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.06.2008 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПО ОПШТИНИ ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на наменските дотации за основното образование по општини за 2009 година.

Член 2

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во раздел 160.01, Програма А2 - пренесување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа, ќе се врши финансирање на дејноста основно образование.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа уредба наменски се распределуваат на општините на кои им се пренесени основачките права на основните училишта согласно Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07).

Член 4

Критериуми за распределба на наменските дотации во основно образование се: основна сума за општина, број на ученици во основно образование во општината, густина на население во општината. Во распределбата ќе се користи и механизам на прагови (долен и горен праг).

Член 5

Распределба на средствата од наменската дотација за основно образование е според формулата:

НДОо = О + ПУо x С

ПУо = Уо + (Уо x Кг)

НДОо - Наменска дотација за основно образование за општина

О - Основна сума по општина

Уо- Вкупен број на ученици во општина

ПУо - Пондерирани ученици во општината

С - Стандард (износ) по ученик

Кг - коефициент (пондер) за густина на население на општина:

До 20 жители на км2 - (1.4)

Од 20 до 35 жители на км2 - (0.8)

Од 35 до 70 жители на км2 - (0.6).

Член 6

Средствата определени како наменски дотации се користат за: стоки и други услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, алат и ситен инвентар, средства за одржување хигиена, весници и списанија, тековно одржување, други договорни услуги, други оперативни расходи, исхрана и сместување на ученици во ученички интернати и дом - семејство и превоз на ученици од основното образование).

Член 7

Средствата за наменски дотации ќе се насочуваат по општини од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за образование и наука, квартално или по динамика во договор со Министерството за финансии.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Бр. 19-3146/1 Заменик на претседателот
24 јуни 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1683.**

Врз основа на член 11, точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03 и 49/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.07.2008 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈПАУ „МАКЕДОНИЈА" – СКОПЈЕ**

Член 1

Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија" – Скопје бр. 05-119/5 од 11.07.2008 година, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија" – Скопје, на седницата одржана на 11.07.2008 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3528/1 Заменик на претседателот
12 јули 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1684.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24 јуни 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

1. За директор на Агенцијата за млади и спорт се именува Драган Ѓурчевски, раководител на сектор во Агенцијата за млади и спорт.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-3287/1 Заменик на претседателот
24 јуни 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1685.**

Врз основа на член 34 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008) и член 5 од Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ**

1. За членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Универзитетот за информатички технологии во Скопје се именуваат:

**а) за претседател**
- д-р Марија Ташева

**б) за заменик на претседателот**
- Данило Глигоровски

**в) за членови**
- д-р Данчо Давчев
- д-р Ристо Малчески
- д-р Ѓорѓи Јованчевски
- д-р Цветан Гавровски
- д-р Ристо Кукутанов
- д-р Љубомир Читкушев
- д-р Смиле Марковски
- д-р Александар Стојков
- д-р Ванчо Чабуковски
- д-р Зоран Алексов
- д-р Ванчо Кусакатов
- д-р Симе Арсеновски
- д-р Јордан Шикоски
- д-р Андреа Кулаков
- д-р Димитар Трајанов
- д-р Пеце Митревски
- д-р Маргита Конпоповска
- д-р Микулај Кузиновски
- д-р Бранислав Саркањац
- м-р Методија Јанчевски
- м-р Зоран Ставрески
- м-р Мартин Протоѓер
- м-р Гордана Јанкулоска
- м-р Иво Ивановски
- д-р Љупчо Коцарев

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-3390/2 Заменик на претседателот
12 јули 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1686.**

Врз основа на член 34 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008) и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ОДДЕЛНИ ФАКУЛТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

1. За претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на: Факултетот за медицински науки – Штип; Филолошкиот факултет – Штип; Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија; Технолошко – техничкиот факултет – Пробиштип; Машинскиот факултет – Виница и Електротехничкиот факултет – Радовиш на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се именуваат:

**а) за претседател:**
- д-р Бранислав Саркањац

**б) за членови:**
- д-р Никола Камчев
- д-р Сашко Кедев
- д-р Тодор Делипетров
- д-р Стојан Здравев
- д-р Леонид Грчев
- д-р Марија Ташева
- д-р Ленче Милошева
- д-р Снежана Каракашева
- м-р Мартин Протоѓер
- м-р Зоран Ставрески
- м-р Гордана Јанкулоска
- д-р Ристо Фотов
- д-р Борис Крстев
- д-р Момчула Јордановски
- д-р Јордан Живановиќ
- д-р Владо Гичев
- д-р Здравко Андонов

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-3391/2
12 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1687.**

Врз основа на член 34 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008) и член 4 од Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ТЕХНОЛОШКО - ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ - ВЕЛЕС ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

1. За членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Технолошко - техничкиот факултет - Велес во состав на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола, се именуваат:

а) за претседател
д-р Љупчо Трпезановски

б) за членови
- д-р Стојанче Нусев
- д-р Александар Маркоски
- д-р Мартин Протоѓер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-3392/2
12 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1688.**

Врз основа на член 34 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008) и член 4 од Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО БИТОЛА**

1. За членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Ветеринарниот факултет - Битола во состав на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола, се именуваат:

а) за претседател
д-д Стевче Пресилски

б) за членови
- д-р Љупче Кочовски
- д-р Вангелица Јовановска
- м-р Зоран Ставрески

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-3396/1
12 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**1689.**

Врз основа на член 34 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008) и член 4 од Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јули 2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ - КИЧЕВО ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО БИТОЛА

1. За членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Правниот факултет - Кичево во состав на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола, се именуваат:

а) за претседател
д-р Мирјана Секуловска

б) за членови
- д-р Пеце Николовски
- д-р Јосиф Талевски
- д-р Гордана Јанкулоска

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-3397/1
12 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1690.**

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.07.2008 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2008 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/08, 37/08, 54/08 и 67/08) во делот II во табелата растително производство во точката 1.2. во колоната критериум и висина на поддршка се додава „висина на поддршка 3.500 ден/ха“ и во точката 1.4. во колоната критериум и висина на поддршка се додава „висина на поддршка 50.000 ден/ха“.

2. По точката 1.15. се додава нова точка 1.16. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.16. | Финансиска поддршка за компензација на дел од трошоците за дизел гориво за растително производство во производната 2007/2008 година | Критериуми<br>- поддршката се исплаќа според обработена површина растителни култури пријавена со барањето за упис во единствениот регистер на земјоделски стопанства<br>- Висина на поддршка<br>-од 0 до 10ха - 2.000 ден/ха<br>-од 10 до 50 ха 1.000 ден/ха<br>-од 50 до 300 ха 500 ден/ха<br>-над 300ха 300 ден/ха | 300.000.000 |

3. Во точката 1.7. износот „202.500.000“ се заменува со износот „2.500.000“.

4. Во делот III во табелата сточарство во точката 2.1. износот „280.000.000“ се заменува со износот „180.000.000“.

5. Во делот IX во став 1 по зборот „година“ точката се брише и се додаваат зборовите: „со исклучок на точките 1.16. и 6.4. за кои рокот за пријавување на производните капацитети е најдоцна до 31.08.2008 година.

Во делот IX во ставот 2 по зборовите: „Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 05.11.2008 година“ се додаваат следните зборови:

„освен за мерките 1.16. и 6.4. барањата ги доставуваат до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31.08.2008 година, а за мерката 6.3. најдоцна до 30.10.2008 година.“

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1656/7
1 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1691.**

Врз основа на член 33-а став 6 од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на РМ“ бр. 28/02, 46/04, 126/06 и 10/08), министерот за правда донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ СО АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на постапување со анкетните листови на службените лица вработени во државните органи, во општинската администрација и администрацијата на градот Скопје (во натамошниот текст: службеното лице).

Член 2

Службеното лице правилник анкетниот лист го пополнуваат и го доставуваат на начин и во рок утврден во Законот за спречување на корупцијата.

Член 3

Пријавата што службеното лице ја доставува заради пријавување на промена на имотната состојба се смета како дополнување на поднесениот анкетен лист за пријавување на имотната состојба при вработувањето и се здружува кон него.

Анкетниот лист доставен по престанувањето на вработувањето се здружува со претходно доставениот анкетен лист.

Член 4

Од страна на функционерот кој раководи со државен орган, односно градоначалникот на општина и градоначалникот на Град Скопје за постапување со анкетните листови се определува службено лице.

Службеното лице од став 1 на овој член потпишува изјава за доверливост и заштита на личните податоци внесени во анкетниот лист.

Член 5

Анкетниот лист се предава во затворен коверт на кој е запишано името и презимето, како и работното место на службеното лице.

Ковертот со анкетниот лист кој се доставува по пошта се става во друг адресиран коверт.

Службеното лице на ковертот од став 1 на овој член во горниот лев агол задолжително става ознака „не отворај-анкетен лист".

Член 6

По приемот на анкетниот лист службеното лице од член 4 став 1 на овој правилник на ковертот од член 3 став 1 од овој правилник става приемен штембил со број и датум под кој е заведен во евиденцијата.

Службено лице од член 4 став 1 на овој правилник проверува дали анкетниот лист е пополнет со бараните податоци и не навлегува во содржината на податоците внесени во анкетниот лист.

Член 7

За секој анкетен лист службеното лице од член 4 став 1 на овој правилник води посебна евиденција.

Евиденцијата се води во книжна и електронска форма.

Член 8

Во книжната евиденција се заведува реден број, датум на уписот, име, презиме и работното место на службеното лице кое го поднесува анкетниот лист.

Евиденција во книжна форма се води согласно прописите за канцелариско и архивско работење.

Член 9

Евиденцијата која се води во електронска форма содржи име и презиме на службеното лице кое го поднесува анкетниот лист, причината за поднесување, датум на поднесување на анкетниот лист при вработувањето, датум на пријавите за промена на имотната состојба кои службеното лице ќе ги достави за времетраењето на работниот однос и датумот на доставување на анкетниот лист по престанување на работниот однос.

Заради обезбедување на целосна доверливост и сигурност на евиденцијата која се води во електронска форма се преземаат сите технички и организациони мерки за заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

Член 10

Анкетните листови на службените лица се чуваат одвоено од другите предмети заклучени во посебни ормани до кои пристап има само службеното лице од член 4 став 1 на овој правилник.

Посебните ормари треба да се заклучени и да ги обезбедуваат анкетните листови од оштетување, уништување и злоупотреба.

Член 11

Анкетниот лист се чува пет години по престанокот на работниот однос на службеното лице.

Член 12

Службено лице од член 4 став 1 на овој правилник најдоцна до 30 дена го доставува анкетниот лист на службеното лице до државниот орган, општината или Градот Скопје во кој службеното лице засновало работен однос.

Член 13

Службено лице од член 4 став 1 на овој правилник до Државната комисија за спречување на корупцијата доставува полугодишен преглед на состојбата со поднесување на анкетни листови.

Прегледот содржи назив на органот кој го доставува извештајот, име и презиме на службените лица кои поднеле анкетен лист или не ја исполниле својата обврска за доставување на анкетен лист во законски утврдениот рок, работно место на службеното лице и датум на поднесување на анкетниот лист.

Член 14

Со претходно пополнетите и доставени анкетни листови ќе се постапи согласно овој правилник.

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-4491/1
14 јули 2008 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,** с.р.

---

**1692.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за Државното правобранителство („Службен весник на РМ" бр. 87/07), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ, СОДРЖИНАТА,ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРЖАВНИТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот,содржината,постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службените легитимации на Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители.

Член 2

Службената легитимација е со димензии 8 см х 11 см и се состои од два дела: едниот дел е корицата, а другиот дел е внатрешен дел, пластифицирана бела влошка со податоци за носителот на службената легитимација.

Корицата на службената легитимација е изработена од природна кожа во црна боја.

На предната страна на корицата , во горниот дел, со златно - жолта боја е отпечатен грбот на Република Македонија со големина од 3 см , под него текстот "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а во средината има отпечатен метален амблем со знакот на Јустиција со големина од 4 см во кој ќе биде отпечатено - "Државно правобранителство". Во внатрешната страна е втиснат грбот на Република Македонија во големина од 2 см, а под него е отпечатен текстот" СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА". Под овој текст на левата страна се наоѓа место за фотографија, а на десната страна регистарски број, датум на издавање и потпис на министерот за правда и место на печат (М.П.). На истата страна во долниот дел се впишуваат податоци: име и презиме, работно место - функција на носителот на службена легитимација.

Втората страна од влошката содржи извадоци од одредбите од Законот за Државното правобранителство ("Службен весник на РМ" бр. 87/07) во врска со овластувањата и посебните права со текст наведен на образецот.

Службената легитимација се издава според Образец бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службената легитимација на Државниот правобранител на Република Македонија се издава од страна на министерот за правда по неговиот избор и има важност додека лицето на кое е издадена има функција на Државен правобранител на Република Македонија.

Службената легитимација на Државните правобранители се издава од страна на Државниот правобранител на Република Македонија по овластување на министерот за правда по изборот на истите и има важност додека лицето на кое му е издадена има својство - функција на Државен правобранител.

Член 4

Лицето на кое ќе му престане функцијата ја враќа службената легитимација.

Службената легитимација што се враќа или заменува се поништува.

Член 5

За издадените,вратените и заменетите службени легитимации во Државното правобранителство се води посебна евиденција.

Евиденцијата од став 1 на овој правилник содржи: реден број, име и презиме на лицето на кое му се издава службената легитимација, дата на издавање ,враќање, односно заменување, сериски број и рубрика за забелешка.

Член 6

Службената легитимација се заменува со нова кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, доколку носителот на кого му е издадена ја изгуби и кога имателот на службената легитимација ќе ги промени личните податоци.

Секој носител на службена легитимација веднаш, а најдоцна до 24 часа го известува Државниот правобранител на Република Македонија доколку службената легитимација ја изгубил, а во случај кога се заменува со нова , имателот на легитимацијата треба да ја врати при издавањето на новата службена легитимација.

Член 7

Службените легитимации на Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители издадени согласно Законот за Јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр.47/97) ќе бидат заменети најдоцна до 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Дел.бр. 08-1437/7
14 јули 2008 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.



## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**1693.**

Врз основа на член 1 став 2, член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2005, 25/2007 и 7/2008) и член 258 и член 259 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005), постапувајќи по Предлогот за повторување на постапката окончана со Решението бр. 07-1372/4 од 04.04.2008 година на Комисијата за хартии од вредност поднесен од акционерите на Гоце Делчев АД с. Трубарево Скопје: ХПСИ ДООЕЛ Скопје, НАСТЕЛ ДООЕЛ Скопје и ЛХБ Банка Франкфурт застапувана од адвокат Панче Нефтенов, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 16.07.2008 година, го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се поништува Решението бр. 07-1372/4 од 04.04.2008 година на Комисијата за хартии од вредност за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - трета емисија на 21.000 обични акции во вкупен износ на емисијата од 1.094.730 евра односно 67.128.406 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.

2. Се одбива Барањето на Друштвото за земјоделско сточарско производство и промет „Гоце Делчев“ АД с. Трубарево, Скопје, за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - трета емисија на 21.000 обични акции во вкупен износ на емисијата од 1.094.730 евра односно 67.128.406 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1628/54 Комисија за хартии од вредност
16 јули 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева - Кавракова,** с.р.

---

**1694.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 09.07.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. Се одбива Барањето на ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ХОТЛЕС АД Скопје за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 3.343.834 обични акции во вкупен износ на емисијата 3.343.834 евра односно 204.056.874 денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2128/8 Комисија за хартии од вредност
9 јули 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева - Кавракова,** с.р.

---

**1695.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 09.07.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. Се одбива Барањето на ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 75.000 обични акции во вкупен износ на емисијата 75.000 евра во денарска противвредност од 4.587.750 денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2346/5 Комисија за хартии од вредност
9 јули 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева - Кавракова,** с.р.

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1696.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 17.07.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕОДНИЈА

I. За претседател на Врховниот суд на Република Македонија е избран:

Јово Вангеловски - судија во Врховниот суд на Република Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1616/1 Судски совет
17 јули 2008 година на Република Македонија,
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.




**П О Р А Ч К А БР. 89**

Со ова неотповикливо го порачувам изданието Кривичен законик во ______ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

Порачател: ____________________________________________ Место: ___________________________

ул. __________________________________ бр. _____________, тел./факс _________________________

Потпис на порачателот

Во _________, _______2008 година. (М.П.) ______________________

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008089